површина: ........................................................................ П = 70.50 ха

**4. ДУП за УЗ 18 дел од УБ18.2 - спорт и рекреација Чекоштина**
површина: ........................................................................ П = 6,43 ха

**5. ДУП за УЗ 15 дел од УБ15.6 – опфат 1 /мало стопанство/**
површина: ........................................................................ П = 6,50 ха

**6. УП вон населено место - комплекс Св. Наум**

**7. УПВНМ за туристички локалитет Горица-Св.Стефан-Метропол со пристаниште на кп 2743 и други**
површина: ........................................................................ П = 2,53 ха

## IV. Планови кои можат да бидат финансирани од Буџетот на Република Македонија, Општина Охрид, физички и правни лица и други донатори

**1. Измени на делови од УЗ 1, УЗ 2, УЗ 3, УЗ 4, УЗ 5, УЗ 6, УЗ 7, УЗ 8, УЗ 9, УЗ 10, УЗ 11, УЗ 12, УЗ 13, УЗ 14, УЗ 15, УЗ 16, УЗ 17 и УЗ 18.**

**2. Локални урбанистички плански документации**

**3. Детални урбанистички планови за една парцела**

**4. Урбанистички планови за села и Урбанистички планови вон населено место**

1. УП вон населено место - просторот меѓу камп Андон Дуков и Болница Св.Еразмо
2. УП вон населено место - просторот меѓу Даљан и автокамп Андон Дуков
3. УП вон населено место Чекоштина
4. УП вон населено место - на потег Горица – Метропол
5. УП вон населено место Лагадин
6. УП вон населено место - на потег Лагадин – Пештани
7. УП за село Долно Лакочереј
8. УП за село Горно Лакочереј
9. УП за село Елшани
10. УП за село Коњско
11. УП за село Трпејца

12. УП за село Љубаништа
13. УП за село Подмоље
14. УП за село Велгошти
15. УП за село Лескоец
16. УП за село Косел
17. УП за село Вапила
18. УП за село Велестово

**5. Општ акт за село**

Орман, Рамне, Велестово, Шипокно, Завој, Куратица, Ливоишта, Опеница, Плаќе, Расино, Речица, Свињишта, Сирула, Скребатно.

Динамиката на реализацијата на Програмта ќе зависи од приливот на средствата, брзината на изработката на ажурираните геодетски подлоги, брза и ефикасна соработка на државните органи што партиципираат во донесување на урбанистичките планови.

**Број 07-5664/5-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.12.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА 2013 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Програмата за заштита на животната средина и природата за 2013 година , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2012 год.

**Број 08 -5664/6** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.12.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески, с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2012 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА 2013 ГОД.**

**Член 1**

Се усвојува Програмата за заштита на животната средина и природата за 2013 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-5664/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.12.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески, с.р**

Врз основа на Законот за животна средина(Сл. Весник на РМ бр.53/2005, 81,05), член 60 од Законот за локална самоуправа(Сл. Весник на РМ бр.5/02) и член 18 од Статутот на Општина Охрид (Сл. Гласник на Општина Охрид бр 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2012 год.ја донесе следната:

**П Р О Г Р А М А**
**за заштита на животната средина и природата за 2013 година**

Со програмата за заштита на животната средина и природата за Општина Охрид за 2013 година се планирани активности врз основа на анализата на проблемите од аспект на заштита на животната средина и природата во Општина Охрид, а кои се во функција на на истите во сите медиуми, вода, воздух, почва и природата.
Средствата за реализација на оваа програма се планира да бидат обезбедени од буџетот на Општина Охрид.
Оваа програма се однесува на проекти кои директно ќе бидат реализирани преку Одделението за урбанизам и заштита на животната средина, (се однесуваат на изработка на стратешки документи од областа на заштита на животната средина, промоција на одредени локалитети со посебни природни реткости, промоција на одредени ендемски растителни и животински видови како и подигање на јавната свест за заштита на животната средина) а се дел од поголем корпус на активности

од делот на заштитата на животната средина и природата кои заради специфичноста и начинот на реализирање се имплементирани во програмите на други сектори и одделенија во рамки на локалната самоуправа на Општина Охрид. Дел од тие програми се: Изградба на системи за водоснабдување, изградба на системи за за одведување и прочистување на отпадни води, чистење на речни корита и диви депонии, јавна чистота, изработка и одржување на парковско и јавно зеленило и др.
Дел од планираните активности од Програмата за заштита на животната средина се започнати во 2012 година и се во фаза на реализација, а заради обемноста и специфичноста на истите се планира да бидат завршени во 2013 година.Останатите планирани активности ќе бидат започнати со реализација во 2013 година, а реализацијата на дел од нив ќе продолжи и во буџетската 2014 година.

**А. Проекти и активности започнати во 2012 година.**

1. Пилот проект за собирање и одлагање на отпадното масло од домаќинствата ...... .......................................................................................................... 300.000ден
2. Шума -Парк на младенци ......................................................... 300.000ден.

**Б. Проекти и активности предвидени да се реализираат во 2013 година.**

3. Студија за одлагање и третман на градежен шут на територија на Општина Охрид

**..................................................................................................................**400.000ден
4.Цветни балкони- цветен Охрид ................................................................ 150.000д

5. Чистење на цврст отпад од дното на Охридското Езеро.......................300. 000ден.

6.Проект за проценка на состојбата и санација на охридските чинари................300.000ден.

7.Проект за заштита на крајезерските чинари во Далјан......................................300.000ден.

8.Одбележување на значајни денови на екологијата

Со цел да се влијае на подигањето на јавната свест на сите категории на населението како еден од битните фактори за зачувувањето на животната средина, како и промоција на природните реткости и специфики,предвиден е корпус на активности за одбележување на значајните денови на екологијата.

9.1 Одбележување на „Денот на планетата земја“ -22 април (акција за собирање и одлагање на електронски отпад)

9.2 Одбележување на „Меѓународниот ден на биолошката разновидност“-22мај (Промоција на охридската пастрмка)

9.3 Одбележување на „Светскиот ден на животната средина“ - 5 јуни(акција за собирање на стара хартија во соработка со охридските училишта)

9.4 Одбележување на „Денот на Националните паркови“ - 21 јули (Ден на Галичица-промоција на пештерите во националниот парк)

9.5 Есенска рамноденица - почеток на есента 23 септември(ликовен и литературен конкурс во соработка со охридските училишта)

9.6 Изработка на еко календар- 22 декември-најкраткиот ден во годината

9.7 Емитување на еко пораки на видео бимот на градскиот плоштад

Вкупно предвидени средства за одбележување на значајни денови во екологијата ..................................................................................................................900. 000ден

**В.Проекти и активности предвидени да се реализираат во2013-2014г.**

10. Следење на нивото на бучава со поставување на статички мерачи на бучава во Општина Охрид ........................................................................................ 3.300.000ден.

11. Ископ на канали во Студенчишко Блато со цел поврзување на блатото со ОхридскотоЕзеро.........................................................................................  1.500.000ден

12.Поставување на пиезометри(истражни бунари) во Студенчишкото блато......250.000ден

ВКУПНО: 8.000.000,оо ден.

**Број 07-5664/6-1**
**28.12.2012 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2013 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Охрид за 2013 година , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2012 год.

**Број 08 -5664/7** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.12.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески, с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2012 година донесе:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2013 ГОД.

**Член 1**

Се усвојува Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Охрид за 2013 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден, од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 5664/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.12.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески, с.р**

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
### ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2013 ГОДИНА

Со донесувањето на новиот Закон за градежно земјиште (Сл. Весник на РМ бр.17/2011 од 11,02,2011г.), градежното земјиште може да биде во

сопственост на РМ, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, домашни и странски правни и физички лица.

Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски. Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето. Одлука за стекнување на сопственост на градежното земјиште за општина Охрид донесува Советот на Општина Охрид.

Сопственоста на општините им ги овозможува следните права: на градење, користење, пренесување на правото на градење на други лица и отуѓување на градежното земјиште.

Со градежното земјиште на РМ управува Владата на РМ

Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите правни и физички лица, општините, општините во Градот Скопје и градот Скопје. Правото на користење Владата на РМ може да го пренесе на општините.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она што е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината.

Градежното земјиште е добро од општ интерес за РМ, а уредувањето на гадежно земјиште е од јавен интерес.

Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено и неуредено. Изградено градежно земјиште на кое е изграден објект од траен карактер и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот во граници на градежната парцела.

Уредено градежно земјиште е земјиште опремено со комунална инфраструктура, додека неуредено е земјиште на кое нема изградено комунална инфраструктура.

Градежно земјиште е земјиште кое е планирано со урбанистички план или урбанистичка планска документација.

Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии граници се утврдени со урбанистички план или урбанистичка планска документација и може да се состои од една, од дел или од повеќе катастарски парцели.

Објект од траен карактер е објект поставен со документација (одобрение) и заведен во јавните книги за недвижности.

Објект од привремен карактер е објект поставен со одобрение за поставување до реализација на урбанистички план или урбанистичка документација. Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.

Инфраструктурен објект е подземна или надземна градба за инсталации од комуналната инфраструктура.

Прометот со градежното земјиште е слободен.

Градежното земјиште сопственост на Република Македонија може да се отуѓи, даде на користење (концесија или јавно партнерство), даде под долготраен или краткотраен закуп, разменува или да се востановат други стварни права.

- **ПРОСТОРЕН ОПФАТ И ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА**

Предмет на Програмата е менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија што се наоѓа на територијата на Општина Охрид, дефинирана според територијалната организација на РМ за време на календарска 2011 год.

**Просторниот опфат на Програмата** е дефиниран со опфатот на важечките урбанистички планови за Општина Охрид, согласно чл.2 точка 1 и чл.4 точка 1 од Законот за градежно земјиште (Сл. Весник бр.17/11) – Градежно земјиште е земјиште изградено и неизградено кое е планирано со урбанистички план или урбанистичка планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

***(Прилог 1)*** *- Графички приказ на постојна урб. планска документација на Град Охрид*

***(Прилог 2)*** *- Графички приказ на постојна урб. планска документација на Општина Охрид*

**Предмет на Програмата** за менаџирање на градежно земјиште во сопственост на Република Македонија се дефинираните градежни парцели кои се наоѓаат во населени места и локалитети кои се опфатени со урбанистички планови приложени во Програмата.

- **ОСНОВИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОГРАМАТА**

**Законски основ за изработка на програмата**

Законски основа на Програмата за управување со градежно земјиште се:

- Закон за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.5/2002)
- Закон за градежно земјиште (Сл. Весник на РМ бр.17/2011)

**Основни плански документи**

- Стратегија за локален економски развој – Агенда 21 – (Општина Охрид 2007г.)
- Програма за поддршка на локалниот економски развој – Г1 – (Општина Охрид 2012г.)
- Програма за поттикнување на развојот на туризмот – Г2 – (Општина Охрид 2012г.)
- Локален еколошки акционен план на Општина Охрид ( во нацрт верзија)
- Просторен план на Општина Охрид (јуни 1988 г.)
- Просторен план на Охридско - Преспанскиот регион
- Генерален урбанистички план на Град Охрид ( 07-1438/2 од 30.06.2006г. )
- Детални урбанистички планови, Урбанистички планови за населени маста и Урбанистички планови вон населени места
- Програма за изработка на урбанистички планови 07-3360/4 од 29,12,2010г. и 07-688/26 од 15,03,2011г.

**Лица вклучени во изработката на Програмата**

- Марија Коруновска дипл.инг.арх.
- Елена Јанкоска Цветаноска дипл.гр.инг.
- Илија Козомора дипл.инг.гео.

# ПРОГРАМА

## 1. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

### 1.1. Општи цели на програмата

Севкупниот социо - економски развој на Општината се обезбедува со донесување на Стратегии за развиј и Акциони планови за работа од општ и посебен карактер, базирани на претходно изработени проценка и анализа на заедницата во сите тематски области во кои општината има надлежности.

Со Законот за градежно земјиште дадена е можност на Општината, спроведувањето на Акционите планови за развој најсоодветно да ги реализира согласно потребите од простор за организирана дејност на заедницата со цел да се постигне одржлив економски пораст, кој носи економска корист и социјална рамнотежа во Општината.

Програмата ги поставуваат основите за правилно управување со градежното земјиште со обезбедување услови на заедницата за долгорочен и одржлив социо - економски развој.

### 1.2. Конкретни цели на програмата

Управувањето на градежното земјиште е условено од потребите на одредени субјекти за реализација на својата дејност, а во согласност со Акционите планови на Општината.

Конкретните програмски определби за управувањето со градежното земјиште се базирани на туризмот како просторно екстензивна дејност која ги диктира потребите од квалитетен простор. Туризмот како дејност е во основата на општиот социоекономски развој на Општина Охрид.

Економската димензија на оваа дејност делува на другите дејности со својот мултипликатор на развојот со коефициент 3,50 кај дејностите со кој е директно поврзан, како угостителство, трговија, индустрија, земјоделие,банкарство и др.

## 2. ОБЕМ И ПРЕГЛЕД НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ШТО Е ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Согласно Законот за градежно земјиште, управувањето ќе биде спроведено преку следните модалитети на правото на градежно земјиште во сопственост на РМ: да се отуѓува, да се даде на користење заради давање на концесија или јавно приватно партнерство, да се даде

под долготраен закуп, да се даде под краткотраен закуп, да се разменува.

**2.1. Детален преглед на градежни парцели групирани по предвидена активност се дадени во табеларните прегледи во Програмата**

- **Градежни парцели кои се предмет на отуѓување по пат на јавно наддавање** *(табела 1 со графички прилози)*

- **Градежни парцели кои се предмет на давање на користење заради давање на концесија или јавно приватно партнерство се:** парцели кои се предмет на јавно приватно партнерство од причини што тоа ќе носи придобивка од јавен интерес, што значи особено заштеда на трошоци за општината, повисок стандард на дадени јавни услуги или други јавни погодности. *(табела 2 со графички прилози)*

- **Градежни парцели кои се предмет на издавање под краткотраен закуп по пат на јавно наддавање се**: парцели на кои ќе се заснова право на краткотраен закуп заради поставување на времени објекти, плажи, подготвителни работи, времени објекти и урбана опрема. *(табела 3 со графички прилози).*
  *Предмет на издавање на краткотраен закуп ќе бидат и паркинг просторот кој е предвиден во студијата за утврдување на систем за улично зонско паркирање во централно градско подрачје на Општина Охрид, изработена од Секторот за комунален развој, сообраќај и улици со бр. 12-1061/1 од 12,11,2012г.*

- **Градежни парцели кои се предмет на издавање под долготраен закуп по пат на јавно наддавање** *(табела 4 со графички прилози)*

**3. МАРКЕТИНГ СТРАТЕГИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ШТО Е ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА**

Стратегијата преставува план на акции за остварување на поставените цели.
Промоција на градежното земјиште во сопственост на РМ кое ќе биде на располагање на подрачјето на Општина Охрид, ќе биде согласно стратегијата која како средство за исполнување на бизнис целите преку Акционите планови за развој на Општина Охрид ќе овозможи одржлив економски пораст, кој носи економска корист и социјална рамнотежа во општината.

**3.1. Дефинирање на целни групи на градежни парцели**

Определувањето на маркетинг стратегијата започнува со дефинирање односно претпоставување на заинтересирани страни за

купување/изнајмување на одредени делови на градежно земјиште. Заинтересираните страни се всушност потенцијални купувачи/најмувачи на градежното земјиште и идни инвеститори.
Со оглед на различната намена и местоположба на градежното земјиште што ќе биде понудено, логично е целните групи за одделни локации да биде различно. *Согласно тоа идентификувањето на целните групи ќе биде по спроведените анкети, форуми, консултации со заинтересирани субјекти* претходно изработени процени и анализи на заедницата во сите тематски области во кои општината има надлежности

### 3.2. Дефинирање на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали

Во зависност од идентификуваните целни групи односно заинтересираните субјекти ќе се постават најефикасните маркетинг пристапи за комуницирање односно промовирање на понудата до заинтересираните страни, бидејќи само така ќе се обезбеди испраќање на вистинска, навремена и прецизна информација на вистинска адреса.

### 3.3. Дефинирање на временска рамка за имплементација на маркетинг стратегијата

Маркетинг стратегијата ќе се врши континуирано се до реализација на Програмата.

## 4. ДИНАМИКА НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

### 4.1. Турнуси за објавување оглас, временски период за објавување на огласите и распределба на градежните парцели по турнуси

Со цел минимизирање на финансиските трошоци поврзани со објавата на огласи за отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште се предвидува градежните парцели што се предмет на годишната програма да се објават во турнуси.
Секој турнус ќе опфати објава на огласи за градежните парцели што се наоѓаат во состав на одредени населени маста, урбани блокови и локалитети.
Динамиката на реализација ќе се одвива согласно интересите и плановите на реализацијата на Буџетот на општина Охрид, односно реализацијата до крајот на годината ќе се одвива

- во првиот квартал 25%
- во вториот квартал 25%
- во третиот квартал 25%
- во четвртиот квартал 25%

### 4.2. Пропишување на условите за наддавање

Се пропишуваат односно се определуваат следниве параметри:

- Висина на депозит за учество
- Определување на интернет страница на која ќе се врши надавањето
- Определување на условите за учество
- Пропишување на други обврски и останати релевантни информации во врска со наддавањето

### 4.3. Надлежности за реализација на Програмата

Надлежност за спроведување на постапките за отуѓување или давање под закуп на градежно земјиште сопственост на РМ, има Комисијата за спроведување на постапките за јавно наддавање која ќе биде формирана од страна на Градоначалникот на Општина Охрид согласно Законот за градежно земјиште.

## 5. ПРОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПРИЛИВИ ПО ОСНОВ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА (Приходна страна на Програмата)

Проценка на финансиските приходи кумулативно за секое населено место одделно, според просечната пазарна цена за м2 градежно земјиште по зони ќе биде определена.

## 6. ПРОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА (Расходна страна на Програмата)

Финансиските средства потребни за реализација на програмите ги опфаќа проценетите финансиски средства потребни за реализирање на следниве активности:

-Трошоци по основ на администрирање на постапките за отуѓување

- Трошоци по основ на експропријација

- трошоци по основ на купување на градежно земјиште од физички и правни лица

- Трошоци за промовирање, односно рекламирање на градежните парцели што ќе бидат предмет на отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште

## 7. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

- Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка по која и се донесува
- За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на Општината

**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ
ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2012 ГОДИНА**

- Потврда за овозможување користење на софтверска апликација
- Договор за обезбедена интернет конекција со платена сметка за извршена услуга
- Буџет на Општина Охрид за 2012 г.
- Решение за формирање комисија за спроведување постапка за јавно наддавање на градежно земјиште
- Потврди за стекнување со овластување за водење постапка за отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште
- Потврди за редовен работен однос на членовите од комисијата

**( ТАБЕЛА 1 )**

- **Градежни парцели кои се предмет на отуѓување по пат на јавно наддавање**

| КАТ. ПАРЦЕЛА | ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА | УРБ. ДОКУМЕНТАЦИЈА | УСЛОВИ ЗА ГРАДБА | СОПСТВЕНОСТ |
|---|---|---|---|---|
| **КП 2487/7 КО Охрид 4** **прил. 1** г.п.бр.25 | **120 - 121 - 122 - 123 - 124 - 125 - 126 - 127 - 128 - 129 - 130 - 134 - 146 - 313 - 314 - 367 - 368 - 369 - 370 -371 - 372 - 373 - 374 - 375 - 376 - 377 - 378 - 379 - 380 - 400 - 401 - 402 - 403** | **ДУП за станбена населба ЧЕКОШТИНА** Одлука бр. 01-6820 од 26.11.1985г. (Сл.гл.7/85 од 27.11.1985г.) | **Намена:** домување<br>**Површина за градење:** Дадена во граф. прилог<br>**Max. висина:** В = С+П+1<br>Пристапот до град. пар. не е регулиран<br>За град.пар. паркир. согласно прописите | Република Македонија |
| **КП 2487/7 КО Охрид 4** **прил. 2** г.п.бр.53 | **132 - 133 - 159 - 160 - 161 - 162 - 163 - 164 - 165 - 166 - 167 - 168 - 169 - 170 - 171 - 172 - 173 - 174 - 175 - 176 - 205 - 206 - 207 - 208 - 209 - 210 - 211 - 212 - 213 - 214 - 215 - 216 - 217 - 218 - 229 - 230 - 231 - 232 - 233 - 234 - 387 - 388 - 389 - 390 - 391 - 392 - 393 - 394 - 395 - 396 - 397 - 398 - 399** | **ДУП за станбена населба ЧЕКОШТИНА** Одлука бр. 01-6820 од 26.11.1985г. (Сл.гл.7/85 од 27.11.1985г.) | **Намена:** домување<br>**Површина за градење:** Дадена во граф. прилог<br>**Max. висина:** В = С+П<br>Пристапот до град. пар. не е регулиран<br>За град.пар. паркир. согласно прописите | Република Македонија |
| **КП 2487/7 КО Охрид 4** **прил. 3** г.п.бр.53 | **116 - 117 - 118 - 119 - 131 - 135 - 136 - 137 - 138 - 139 - 140 - 141 - 142 - 143 - 144 - 145 - 147 - 148 - 149 - 150 - 151 - 152 - 153 - 154 - 155 - 156 - 157 - 158 - 204 - 228 - 312 - 315 - 365 - 366** | **ДУП за станбена населба ЧЕКОШТИНА** Одлука бр. 01-6820 од 26.11.1985г. (Сл.гл.7/85 од 27.11.1985г.) | **Намена:** домување<br>**Површина за градење:** Дадена во граф. прилог<br>**Max. вис:** В=С+П+1 и С+П<br>Пристапот до град. пар. не е регулиран<br>За град.пар. паркир. согласно прописите | Република Македонија и приватна сопственост |
| **КП 5414/1 КО Охрид 4** **прил. 4** г.п.бр.1 | **ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА бр. 2.02** Површина на градежна парцела 4.210,94 м2 | **ДУП за УЗ 8, УБ 8.3** Одл. бр. 07-2447/7 (Сл.гл.8/08 од 27,10,2008г.) | **Намена:** Б2 - големи трговски единици<br>**Пов. градење:** 2.232,00 м2<br>**Проц. на изг:** 53,00 %<br>**Коеф. на иск.** 1,59<br>**Бруто пов:** 6.696,00 м2<br>**Max. вис:** В=П+2 -10,20 м.<br>Паркиркирање во гр.пар. согласно прописите | Република Македонија |

- 

| **КАТ. ПАРЦЕЛА** | **ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА** | **УРБ. ДОКУМЕНТАЦИЈА** | **УСЛОВИ ЗА ГРАДБА** | **СОПСТВЕНОСТ** |
|---|---|---|---|---|
| **КП 5408/2 КО Охрид 4**<br>**прил. 5**<br>г.п.бр.1 | **ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА бр. 6.3**<br>Површина на градежна парцела 2.527,00 м2 | **ДУП за УЗ 8, УБ 8.2**<br>Одл. бр. 07-472/5 26.02.2009г. (Сл.гл.2/09) | **Намена:** А2 - колективно домување<br>**Пов. градење:** 715,00 м2<br>**Проц. на изг:** 28,00 %<br>**Коеф. на иск.** 1,7<br>**Бруто пов:** 4.290,00 м2<br>**Max. вис:** В=П+5 -19,10 м.<br>Паркиркирање во гр.пар. согласно прописите | Република Македонија и приватана сопственост |
| **КП 5408/1 КО Охрид 4**<br>**прил. 6**<br>г.п.бр.1 | **ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА бр. 6.5**<br>Површина на градежна парцела 1.964,00 м2 | **ДУП за УЗ 8, УБ 8.2**<br>Одл. бр. 07-472/5 26.02.2009г. (Сл.гл.2/09) | **Намена:** А2 - колективно домување<br>**Пов. градење:** 530,00 м2<br>**Проц. на изг:** 27,00 %<br>**Коеф. на иск.** 1,89<br>**Бруто пов:** 3.710,00 м2<br>**Max. вис:** В=П+6 -22,10 м.<br>Паркиркирање во гр.пар. согласно прописите | Република Македонија и приватана сопственост |
| **КП 5408/13 КО Охрид 4**<br>**прил. 7**<br>г.п.бр.1 | **ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА бр. 7.1**<br>Површина на градежна парцела 2,286,00 м2 | **ДУП за УЗ 8, УБ 8.2**<br>Одл. бр. 07-472/5 26.02.2009г. (Сл.гл.2/09) | **Намена:** А2 - колективно домување<br>**Пов. градење:** 715,00 м2<br>**Проц. на изг:** 31,00 %<br>**Коеф. на иск.** 1,88<br>**Бруто пов:** 4.290,00 м2<br>**Max. вис:** В=П+5 -19,10 м.<br>Паркиркирање во гр.пар. согласно прописите | Република Македонија и приватана сопственост |
| **КП 4265 4268 КО Охрид 4**<br>**прил. 8**<br>г.п.бр.1 | **ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА бр. 3**<br>Површина на градежна парцела 38.275,00 м2 | **ДУП за Крајбрежна зона „Грашница“**<br>Одл. бр. 07-631/6 05.07.2001г. (Сл.гл.10/01 09.07.2001г.) | **Намена:** хотел со ресторан и депанданси<br>**Површина за градење:**<br>обј.1__2.200,00м2,<br>обј.2__1.278,00м2,<br>обј.3__1.278,00м2,<br>**Бруто површина:**<br>обј.1__4.922,00м2,<br>обј.2__5.112,00м2,<br>обј.3__5.112,00м2,<br>**Max. висина:**<br>обј.1__10,00 и 4,00м,<br>обј.2__13,00м,<br>обј.3__13,00м,<br>Паркиркирање во гр.пар. согласно прописите | Република Македонија |

| КАТ. ПАРЦЕЛА | ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА | УРБ. ДОКУМЕНТАЦИЈА | УСЛОВИ ЗА ГРАДБА | СОПСТВЕНОСТ |
|---|---|---|---|---|
| **КП 5613/1 5613/3 5613/4 КО Охрид4**<br>**прил. 9** г.п.бр.1 | **ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА бр. 1.2**<br>Површина на градежна парцела 13.450,00 м2 | **ДУП за УЗ 17, УБ 17.4**<br>Одл. бр. 07-472/6 од 26.02.2009г. | **Намена:** Б2 - Хотелски комплекси<br>**Пов. градење:** 6.725,00 м2<br>**Проц. на изг:** 50,00 %<br>**Коеф. на иск.** 2,5<br>**Бруто пов:** 33.625,00 м2<br>**Max. вис:** B=П+4 -16,20 м.<br>Паркиркирање во гр.пар. согласно прописите | Република Македонија |
| **КП 15718/1 КО Охрид 3**<br>**прил. 11** г.п.бр.1 | **ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА бр. 4.33**<br>Површина на градежна парцела 321,00 м2 | **ДУП дел од 2-ра УЕ, МЗ 4**<br>Одл. бр. 07-3087/3 27.12.2005г. (Сл.гл.11/05) | **Намена:** А1 - домување во семејна куќа<br>**Пов. градење:** 99,00 м2<br>**Проц. на изг:** 35,30 %<br>**Коеф. на иск.** 1.06<br>**Бруто пов:** 297,00 м2<br>**Max. вис:** 9,20м.<br>Паркиркирање во гр.пар. согласно прописите | Република Македонија |
| **КП 2725/3 2726/2 2765/2 2781/2 2776 КО Елшани**<br>**прил. 13** г.п.бр.5 | **ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА бр. 6 и 8 (УБ 1) бр. 1, 31, 32 и 33 (УБ 2)** | **Намена: апартмани - сместувачки капацитети Согласно ДУП за потег Лагадин-Пеш. Одл.бр.07-351/8 09.06.1999г. (Сл.гл.4/99)** | | Република Македонија и приватна сопствeност |
| **КП 8515 КО Охрид 3**<br>**прил. 14** г.п.бр.1 | **ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА бр. 13.1.4** | **Намена: големи трговски единици Согласно ДУП заУЗ 13, УБ 13.1 Одл.бр. 07-4280/44 од 27.12.2011г. (Сл.гл.13/11)** | | Република Македонија |
| **КП 8515 КО Охрид 3**<br>**прил. 15** г.п.бр.1 | **ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА бр. 13.1.8** | **Намена: верски институции Согласно ДУП заУЗ 13, УБ 13.1 Одл.бр. 07-4280/44 од 27.12.2011г. (Сл.гл.13/11)** | | Република Македонија |

**( ТАБЕЛА 2 )**

- **Градежни парцели кои се предмет на давање на користење заради давање на концесија или јавно приватно партнерство**

| КАТ. ПАРЦЕЛА | ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА | УРБ. ДОКУМЕНТАЦИЈА | УСЛОВИ ЗА ГРАДБА | СОПСТВЕ-НОСТ |
|---|---|---|---|---|
| **КП 14385, 14384/2 и др.** | **град. парцела бр.1.35** Површина на град. парцела 3.720,48 м2 | **ДУП за УЗ 1, дел од УБ 1.3** Одл. бр. 07-1639/25 (Сл.гл.— од 25,06,2009г.) | **Намена:** Б2 - Б4 големи трговски ед. и дел. прос. затворено пазариште<br>**Пов. градење:** 3.720,48 м2<br>**Проц. на изг:** 100%<br>**Коеф. на иск.** 3<br>**Бруто пов:** 11.161,44 м2<br>**Мак. вис:** В=П+2 -10,20 м.<br>Паркирање во гр.пар. согласно прописите | Република Македонија |
| **КП 14331/1, 14331/2 и др.** | **град. парцела бр.1.31** Површина на град. парцела 1.215,93 м2 | **ДУП за УЗ 1, дел од УБ 1.3** Одл. бр. 07-1639/25 (Сл.гл.— од 25,06,2009г.) | **Намена:** Е2 - катна гаража<br>**Пов. градење:** 1.130,90 м2<br>**Проц. на изг:** 100%<br>**Коеф. на иск.** 3<br>**Бруто пов:** 6.785,41 м2<br>**Мак. вис:** В=П+2 -10,20 м.<br>Паркирање во гр.пар. согласно прописите | Република Македонија |
| **КП 5836/1 и др.** | **град. парцела бр.3.1 за фаза 3.1.1** Површина на град. парцела 8.425,00 м2 | **ЛУПД за фаза 3.1.1 од г.п. 3.1, блок 3 од ДУП за крајбрежна зона „Грашница“ УБ 4.7, Уз 4** Одл. бр. 07-99/32 од 29,04,2010г. | **Намена:** А3 - групно домување - дом на старци<br>**Пов. градење:** 6.299,00 м2<br>**Проц. на изг:** 47,80%<br>**Коеф. на иск.** 4,5<br>**Бруто пов:** 37.794,00м2<br>**Мак. вис:** В=П+4+Пк<br>Паркирање во гр.пар. согласно прописите | Република Македонија |
| **КП 8515 КО Охрид 3** | **град. парцела бр.13.1.2** | **Намена: спорт и рекреација Согласно ДУП за УЗ 13, УБ 13.1 Одл.бр.07-4280/44 од 27.12.2011г. (Сл.гл.13/11)** | | Република Македонија |

- **Градежни парцели кои се предмет на издавање под краткотраен закуп по пат на јавно наддавање и непосредна спогодба**

| КАТ. ПАРЦЕЛА | ПЛАЖА | | ЛОКАЦИЈА | УРБ. ДОКУМЕНТАЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| дел од КП 1/1 КО Охридско Езеро бр. 20 | потег 1 (Студенчишта - хотел „Метропол“) | плажа бр. 1 | Студенчишта 1 | Урбанистички проект за уредување на плажите на дел од охридското крајбрежје (мај 2002 г.) |
| | | плажа бр. 2 | Студенчишта 2 | |
| | | плажа бр. 3 | Студенчишта 3 | |
| | | плажа бр. 4 | између рес. „Парк“ и хотел | |
| | | плажа бр. 5 | 3-та Горица | |
| | | плажа бр. 6 | пред Унив. одмаралиште, хотел | |
| | | плажа бр. 7 | Белви и Метропол | |
| | | плажа бр. 3а | пред ресторан „Парк“ | ДУП за тур. ком. „Св. Стефан“ Одлука бр. 01-7562 од 28.12.1983г. (Сл.гл.7/85 од 27.11.1985г.) |
| | | плажа бр. 4а | пред хотел „Парк“ | |
| | | плажа бр. 4б | пред хотел „Инекс“ | |
| | | плажа бр. **5-а** | пред хотел „Славија“ | |
| | | плажа бр. **5-б** | пред хотел „Орце Николов“ | |
| | | плажа бр. **5-в** | пред хотел „Св. Стефан“ | |
| | | плажа бр. **5-г** | пред хотел „Бетон“ и „Силекс“ | |
| | | плажа бр. **6-а** | пред хотел „Застава“ | |
| | | плажа бр. **6-б** | од „Застава“ до „Сутјеска“ | |
| | | плажа бр. **6-в** | детско одмаралиште „Сутјеска“ | |
| | | плажа бр. **6-г** | Специјална детска болница | |
| | | плажа бр. **7-а** | од детска болница до „Гранит“ | |
| | | плажа бр. **7-б** | пред хотел „Гранит“ | |
| | | плажа бр. **7-в** | Универзитетско одмаралиште | |
| | | плажа бр. **7-г** | кај хотел „Белви“ и „Метропол“ | |
| дел од КП 1/1 КО Охридско Езеро бр. 16 | потег 2 (Метропол - Пештани) | плажа бр. **8** | између хотел „Метропол“ и | Урбанистички проект за уредување на плажите на дел од охридското крајбрежје (мај 2002 г.) |
| | | плажа бр. **9** | населба „Лагадин“ | |
| | | плажа бр. **10** | плажа Лагадин | |
| | | плажа бр. **11** | плажа „Корали“ | |
| | | плажа бр. **12** | плажа пред камп Елешец | |
| | | плажа бр. **13** | плажа кај камп Елешец | |
| | | плажа бр. **14** | плажа викана „Акапулко“ | |
| | | плажа бр. **9-а,б,в** | кај хотел „Макотекс“ и „Бање“ | **ДУП за вилска нас. Лагадин** Одл. бр.08-5535 од 25.06.1987г. (Сл.гл.5/87) и **ДУП за потег Лагадин-Пеш.** Одл.бр.07-351/8 од 09.06.1999г. |
| | | плажа бр. **10-а** | плажа кај „Два Бисера“ | |
| | | плажа бр. **11-а** | плажа између 11 и 12 (кај сувод) | |
| | | плажа бр. **14-а** | плажи од „Акапулко“ до Пештани | |
| | | плажа бр. **14-б** | | |
| | | плажа бр. **14-в** | | |
| | | плажа бр. **14-г** | | |

| КАТ. ПАРЦЕЛА | ПЛАЖА | | ЛОКАЦИЈА | УРБ. ДОКУМЕНТАЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| **дел од КП 1/1 КО Охридско Езеро** бр. 13 | потег 3 ( С.Пештани - СВ.Наум) | плажа бр. **15-1** | Пештани 1 | **ОУП за крајбрежен појас** Усвоен 28.11.1989 |
| | | плажа бр. **15-2** | Пештани 2 | |
| | | плажа бр. **15-3** | Пештани 3 | |
| | | плажа бр. **15-4** | Пештани 4 | |
| | | плажа бр. **16** | Десарет | |
| | | плажа бр. **17-1** | Градиште 1 | |
| | | плажа бр. **17-2** | Градиште 2 | |
| | | плажа бр. **17-3** | Градиште 3 | |
| | | плажа бр. **17-4** | Градиште 4 | |
| | | плажа бр. **19-1** | Трпејца 1 | |
| | | плажа бр. **19-2** | Трпејца 2 | |
| | | плажа бр. **19-3** | Трпејца 3 | |
| | | плажа бр. **19-4** | Трпејца 4 | |
| **дел од КП 1/1 и КП 736/2, 738, 763 и КП 1033/1 и 2249** бр. 5 | | плажа бр. **20-1** | Љубаништа 1 | |
| | | плажа бр. **20-2** | Љубаништа 2 | |
| | | плажа бр. **20-3** | Љубаништа 3 | |
| | | плажа бр. **21-1** | Св. Наум 1 | |
| | | плажа бр. **21-2** | Св. Наум 2 | |

- **Градежни парцели кои се предмет на издавање на долготраен закуп**

| КАТ. ПАРЦЕЛА | ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА | УРБ. ДОКУМЕНТАЦИЈА | УСЛОВИ ЗА ГРАДБА | СОПСТВЕНОСТ |
|---|---|---|---|---|
| КП 8515 КО Охрид 3<br>прил. 1 г.п.бр.1 | ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА бр. 13.1.3 | Намена: Средно образование Согласно ДУП за УЗ 13, УБ 13.1 Одл.бр. 07-4280/44 од 27.12.2011г. (Сл.гл.13/11) | | Република Македонија |

**Број 07- 5664/7-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.12.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА 2013-2015 ГОД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Програмата за уредување на градежно земјиште за 2013-2015 год , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2012 год.

**Број 08 -5664/8** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.12.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески, с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2012 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА 2013-2015 ГОД.**

**Член 1**

Се усвојува Програмата за уредување на градежно земјиште за 2013 - 2015 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 5664/8**
**28.12.2012 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески, с.р**

**ПРОГРАМА**

**Програма за уредување на градежно земјиште за 2013-2015 година**

Програмата за уредување на градежно земјиште за 2013-2015 година, изработена од Секторот за комунален развој, сообраќај и улици, ги одредува насоките за решавање на комуналните проблеми со кои се соочуваат нашите граѓани, притоа обезбедувајќи основни услови за развој на општината и зголемување на квалитетот на живеење на нашите граѓани. Програмата го продолжува континуираниот развој на општина Охрид и зголемените инвестициони активности на општината во изминатиот период.

Изработена е врз основа на анализите направени за можната реализација на урбанистичките планови во народниот период, писмените забелешки на граѓаните, разговорите со дел од жителите на општината, редовните контакти на Градоначалникот и стручните служби, со одборите на месните заедници, програмите на МЗ кои се доставуваат до општинските служби, како и согледувањата на стручните служби.

Согледувајќи го погоре изнесеното, направен е предмер пресметка за висината на инвестициите, врз основа на цените и вредноста на реализираните проекти во минатите години.

Имајќи ја предвид реалната ситуација и проблемите со кои се соочува општина Охрид на финансиски план, сепак се надеваме дека оваа програма ќе биде реализирана во целост, а со тоа ќе одговориме во најголем дел на потребата на граѓаните.

Со оваа програма посебно се опфатени следните сегменти, и тоа:

-изработка на урбанистички планови;

-подготвување и расчистување на земјиштето со посебен акцент на решавање на имотно-правните односи;

-изработка на водоводна, канализациона и мрежа за одводни води;

-довод на нисконапонска мрежа до градежните парцели;

-асфалтирање, тампонирање, поставување на улични рабници и поплочување на тротоари;

На дел од улиците ќе се врши делумна санација на истите, на дел тампонирање, на дел целосна санација и тоа по однос на целосната инфраструктура.

За целосна реализација на ова програма, потребно е да се реши финансирањето на истата, па за таа цел ги предлагаме следните извори на финансирање:

## I. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

А)Надомест за уредување на градежно земјиште

Б)Средства од продажба на државно земјиште

В) Сретства од Министерство за транспорт и врски

## Вкупно приходи....................... 259.280.000,оо

## II. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

Во овој дел се опфатени средствата потребни за изработка на документација за градење на инфраструктурни објекти.

Б)Средства за изработка на документација за градење
на инфраструктурни објекти..........................................................3.000.000,оо

**Вкупно .......................... 3.000.000,оо**

## III. ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Во овој дел се регулира решавањето на имотно-правните односи и исплаќањето надоместок за експропријација на земјиште.

За овие потреби за 2013 година се предвидуваат
средства во висина од.................................................... **6.000.000,оо**

Со овие средства се предвидува да се решат дел од имотно-правните односи и експропријација на земјиште за предмети кои се доставени од граѓани по редослед на доставени предмети и тоа:

## IV. Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште

Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште е утврдено согласно Одлуката донесена од страна на Советот на Општина Охрид објавена во Службен гласник на Општина Охрид на ден 05.02.1999 година, каде се утврдени зоните и цените по метар квадратен за секоја зона.

## V. Распоредот на средствата за финансирање, изградба и одржување на инфраструктурата се извршени на следниот начин:

### А) АСФАЛТИРАЊЕ

- изградба на кружна раскрсница Б.Туристичка-Ј.Сандански........... 6.100.000,оо
- изградба на кружна раскрсница Б.Туристичка-М.Просветители... 7.400.000,оо
- изградба на кружна раскрсница Б.Туристичка-Абас Емин............ 4.500.000,оо
- изградба на кружна раскрсница Асном- К.Војвода-..........................9.200.000,оо

- рехабилитација на улица Јане Сандански.......................................... 5.000.000,оо
- рехабилитација на улица Питу Гулу ................................................ 6.000.000,оо
- реконструкција на улица „Илинденска“ ...........................................4.500.000,оо
- реконструкција на улица Коста Абраш..............................................2,700.000,оо
- реконструкција на пристапен пат за ОУ “Св.Климент Охридски“... 900.000,оо
- улица “Богомилска“.............................................................................2.500.000,оо
- проширување и реконструкција на улица “Партизанска“................. 2.500.000,оо
- краци на ул.„Железничка“..................................................................500.000,оо
- краци во нас..„Р.Новичиќ“...................................................................2.500.000,оо
-краци на ул.„Питу Гули“.......................................................................2.500.000,оо
- крак на ул.„Шар Планина“...................................................................200.000,оо
- реконструкција и изградба на патека према Горица ........................ 3.700.000,оо
- рехабилитација на улица Пере Тошев.............................................. 3.000.000,оо
- краци на ул.„Крали Марко“ $P = 400m^2$ ...............................................400.000,оо
-крак на ул.„Д.Влахов“.........................................................................1.200.000,оо
- проширување на ул.Прилепска со изградба на речното корито
од левата страна на улицата ................................................................4.800.000,оо
-краци од ул.„А.Емин“............................................................................500.000,оо
- улица “Абас Емин“ од Туристичка до Охридска бригада................ 5.500.000,оо
-улица „ПМУБ“ $P = 525m^2$ .................................................................3.500.000,оо
- дел од населба Рача ............................................................................1.500.000,оо
- проширување на ул.„Ристо Чадо“ .......................................................2.500.000,оо
-асфалтирање на тротоар на ул.„Питу Гули“.......................................3.000.000,оо
-асфалтирање на тротоари на ул.„Никола Карев“ $P = 1000m^2$ ........1.000.000,оо
-асфалтирање на тротоари на
бул.„Туристичка“ $P = 5000m^2$ ............................................................1.500.000,оо
-пристапни улици во нас.Пештани $P = 1500m^2$ ................................ 1.500.000,оо
-краци во нас.Лагадин $P = 300m^2$ .........................................................200.000,оо
- дел од ул.„Трајче Трајчески“...............................................................400.000,оо
- дел од улица „Сатеска“........................................................................2.000.000,оо
-паркинг простор на ул.„АСНОМ“......................................................... 300.000,оо
- дел од ул.„Караорман“..........................................................................300.000,оо
- други непредвидени улици од дел асфалтирање.............................10.000.000,оо
- санација и крпејне на ударни дупки ……………………………….. 4.500.000,оо

**ВКУПНО за „А“ 108.300.000,оо**

**Б) ТАМПОНИРАЊЕ**

- тампонирање на улици во 8 УЗ ........................................................3.000.000,00
- тампонирање на патишта во месност Горица ................................... 400.000,оо
-тампонирање на пат во нас.„Св.Стефан“...............................................600.000,00
-други улици и сокаци.........................................................................3.000.000,00

**ВКУПНО за „Б“ 7.000.000,оо**

**В) ИЗГРАДБА НА КРУЖНИ РАСКРСНИЦИ, РЕКОНСТРУКЦИЈА И ФОРМИРАЊЕ НА НОВИ РАСКРСНИЦИ И ИЗВЕДБА НА ПАРКИНГ МЕСТА**

-изработка на техничка документација.................................................1.000.000,оо
- изградба на паркинг места на улица "Партизанска" .........................1.500.000,оо
-поставување на звучна сигнализација на семафорските системи............................................................................................... 200.000,оо
- изградба и уредување на постојни кружни раскрсници ...................1.500.000,оо
-паркинг пред згради............................................................................ 1.200.000,оо
- изградба на паркинг места на ул. Кирил и Методи............................1.000.000,оо
- изградба на нови паркинг места во Стар Град ................................. 600.000,оо
- други непредвидени раскрсници ...................................................... 3.000.000,оо

**ВКУПНО за „В"** **10.000.000,оо**

**Г) ПОСТАВУВАЊЕ НА УЛИЧНИ РАБНИЦИ**

- промена на улични рабници на улица "Питу Гули" ........................ 3.000.000,оо
- промена на улични рабници на улица "15-Корпус" ........................ 1.000.000,оо
- на ул.„Славеј Планина" 240 m ........................................................ 150.000,оо
- на крак од ул.„Охридски бригади" 344m ....................................... 200.000,оо
- улици во село Велгошти и село Лескоец....................................... 2.000.000,оо

**ВКУПНО за „Г"** **6.350.000,оо**

**Д) ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ТРОТОАРИ И УЛИЦИ**

- реконструкција на тротоари на Б.Туристичка....................................4.000.000,оо
-поплочување на тротоари на ул.„ПМУБ"............................................500.000,оо
-поплочување на ул.„Јане Сандански"..................................................2.000.000,оо
- изградба на потпорен ѕид во с.Пештани ............................................1.000.000,оо
- краци од пешачка патека во МЗ Кошишта........................................ 1.000.000,оо
-тротоари на ул.„Мите Богоески" $P = 300m^2$ ......................................700.000,оо
-тротоари на ул.„Абас Емин" $P = 1260m^2$ ..........................................1.200.000,оо
- пешачка патека од Канео до Грашница .............................................2.000.000,оо
-поплочување на пат позади црква Св.Климент во с.Велгошти …....1.000.000,оо
- поплочување на улица Гоце Делчев ..................................................1.500.000,оо
-тротоари на ул.„Славеј Планина" $P = 1000m^2$ ....................................400.000,оо
-поплочување на улици во стариот дел од градот $P = 1000m^2$ .........1.500..000,оо
- реконструкција на тротоари на дел од улица "Димитар Влахов".... 2.000.000,оо
- реконструкција на тротоари на дел од улица "Партизанска" ........... 400.000,оо
-поплочување на крак од ул.„Охридски бригади" $P = 344m^2$ ..............300.000,оо
-поплочување на тротоари на ул.„Ристо Чадо.......................................500.000,оо
-санација на ѕидови во стариот дел од градот .....................................1.000.000,оо
- тротоари на ул.„Стив Наумов" према ЕМО ...................................... 500.000,оо
- тротоари на ул.„Момчило Јорданоски"............................................ 500.000,оо
-тротоари на ул.„Мите Богоески" $P = 300m^2$ ......................................300.000,оо
-тротоари на ул.„Абас Емин" $P = 1260m^2$ ..........................................1.000.000,оо
- други непредвидени улици .............................................................. 3.000.000,оо

-поплочување на дворно место црква Св. Никола површина 120 м2
С.Расино........................................................................................... 400.000,оо
-тротоари во С.Велгошти…................................................................ 1.000.000,оо
-тротоар на ул. 8 ми Септеври..............................................................1.000.000,оо
-поплочување на тротоари во нас. Далјан…........................................1.000.000,оо

## ВКУПНО за „Д“ 29.700.000,оо

**Ѓ) ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА**

- опремување на автобуски постојки.................................................. 1.200.000,оо

- клупи............................................................................................... 600.000,оо

- кошнички за отпадоци........................................................................ 500.000,оо

- жардињери за цвеќе,жива ограда.................................................... 500.000,оо

- поставување на пепелници............................................................ 200.000,оо

Подготовката на програмата се базира врз претходно изработените проценки и анализи на заедницата во сите тематски области во кои локалната самопурава има законски надлежности или е во фаза на нивно превземање од централно на локално ниво. Во рамките на тие активности подготвен е профилот на општина Охрид, реализирана е Анкета за Бизнис Климата во Охрид (BAS), SWOT анализи и дефинирање на стратешките цели и приоритети, кои се усвоени од страна на Советот на Општина Охрид. Воедно, подготовката на програмата е согласно насоките на ЕУ и на Владата на Р.М. за користење на ИПА фондовите, што во основа ја имаат неопходноста од примена на оваа методологија за подготовка на програми за работа и буџетско планирање.

Согласно претходно наведените насоки и должности, во рамките на Стратегијата за Локален Економски Развој на Општина Охрид, вклучени се програмите за работа и буџетско планирање на сите Сектори и Одделенија во Локалната Самоуправа на Општина Охрид, при што Секторот за Туризам и Локален Економски Развој, за буџетската 2013 година ја предвидува програмата **Г1, Подршка на локалниот економски развој**.

**1. Извори на финансирање на програмата**

Програмата предвидува приходна ставка од:

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Буџетот на Општина Охрид за 2013год. во износ | 6.000.000 ден |

**2. Нацрт Програма за Подршка на Локалниот Економски Развој на Општина Охрид за 2013 година**

Општина Охрид преку Секторот за Локален Економски Развој и Одделението за Локален Економски Развој, согласно своите надлежности и задолженија, а во насока на подобрување на економската клима и условите за локален развој, според претходно усвоените дефинирани стратешки цели и приоритети, ја базира Програмата за подрка на локалниот економски развој за буџетската 2013 година.

**2.1 Операционализација на стратегија за одржлив развој преку партиципативно учество на заедницата**

2.1.1 Финансирање на локални микропроекти за потикнување на локалниот економски развој согласно стратегијата за развој со вклучување на МЗ, МСП, НВО модел на ЈАВЕН ПОВИК ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА ОДРЖЛИВИОТ ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ за 2013 година.

Предвиден буџет 1.150.000,оо ден

**Вкупно планиран буџет за 2.1: 1.150.000,оо ден**

**2.2. Поддршка на развојот на МСП и претприемништвото**

Малите и средните претпријатија претставуваат движечка сила на економскиот развој и поради тоа мора континуирано да се работи на изнаоѓање стимулативни мерки за отварање на нови МСП, но исто така треба да им се даде поддршка на постоечките претпријатија во Општина Охрид во нивните напори да најдат нови пазари и да ја подобрат својата конкурентност, со што ќе се даде придонес во развојот на локалната економија, отварањето на нови работни места и намалувањето на невработеноста во Општина Охрид. Предвидените активности за поддршка се во согласност со националната развојна политика за претприемништво и националната стратегија за развој на МСП во смисла на создавање на глобална рамка за развој на поволна деловна клима, стратегијата за Локален Економски Развој на Општина Охрид. Поддршка на развојот на МСП и претприемништвото е планирано да се реализира преку следниве активности:

**-Модели на соработка со МСП**

2.2.1. Заедничка промоција и маркетинг (заедничко општинско настапување и учество на саеми и други форми на презентација на општината и стопанството). Настапот на саеми надвор од Општината како и организација на општински саеми би се реализирала по пат на меѓусебно партнерство во реализација на проектот.

Предвиден буџет 300.000.оо ден

2.2.2. Обуки за подигнување на вештини и знаења (организација на обуки за информирање, едуцирање, доквалификации или преквалификации на човечките ресурси во стопанството).

Предвиден буџет 200.000.оо ден

2.2.3. Анкета на бизнис клима и формирање на база на податоци и мапирање на охридското стопанство. Преку оваа анкета по пат на избор на проектен консултант ќе се добијат ажурирани податоци за мапирање на стопанството.

Предвиден буџет 200.000.оо ден

**Вкупно планиран буџет за 2.2. 700.000.оо ден.**

**2.3. Рационална употреба и искористување на природните ресурси во функција на локалниот економски развој**

Искористувањето на природните ресурси во функција на локалниот економски развој, согласно Стратегијата за одржлив развој на Општина Охрид, треба да се темели на рационалната употреба на расположливите ресурси преку следниве активности:

**2.3.1.** Поттикнување на брендирање на производи и услуги во локалната економија согласно препораките на ЕУ и законскта регулатива.

Активноста предвидува отпочнувсње на процесот за идентификација на локалните производи и услуги и информативно-консултативни и едукативни работилници со индивидуални земјоделци и локалните производители. Врз база на ваквите подготвителни активности ќе се финансираат локални микро проекти за локално брендирање на производи и услуги.

Предвиден буџет 200.000.оо ден

**2.3.2.** Едукативно информативни работилници и семинари за **можностите за искористување на средствата од ИПАРД програмата како и за средствата од Агенцијата за рурален развој.**

Едукативните семинари ќе ги опфатат сите три Мерки од ИПАРД програмата и тоа:

**Мерка 101** -Инвестиции на земјоделските стопанства со цел нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на Европската Унија,

**Мерка 103** -Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделските и рибните производи,

**Мерка 302** -Диверзификација и развој на руралните економски активности и развој на руралниот туризам.

Семинарските и едукативни работилници за подигање на капацитетите на потенцијалните корисници ќе се организираат преку предавања на експертите од одделението за локален економски развој, преку печатени и дигитализирани едукативни материјали и конкретни разработки на Условите за аплицирање и подготовка на Проектни примери.

Предвиден буџет 200.000.оо ден

**2.3.3.** Поддршка на проекти и програми поврзани со традиционалните занаети (обработка на дрво, камен и други природни материјали и минерали и др)

Преку оваа програма ќе се финансираат проекти за помош при опремување и уредување на занаетчиски простори, работилници или катчиња каде што занаетчиите ќе може да го доопремат својот простор и да продуцираат занаетчиски производи или експонати, меѓутоа и да уредат изложбен простор за своите производи. Посебно се однесува на поттикнување на традиционалната обработка во пасивните и неразвиени рурални простори.

Предвиден буџет 200.000.оо ден

**2.3.4.** Поддршка на проекти и програми поврзани со инфраструктурни планови, уредување на туристички и излетнички локалитети во руралните области. (обнова на електрична мрежа, пристапни патишта до 1 км, уредување на простор, обнова на водоводни инсталации и др). Зафатите би се реализирале преку кофинансирање на проектите со средства од Агенцијата за рурален развој и други агенции.

Предвиден буџет 200.000.оо ден

**Вкупно планиран буџет за 2.3. 800.000.оо ден.**

## 2.4. Поттикнување на партнерства и стимулативни мерки

Еден од најважните аспекти за развој на локалната економија е поттикнувањето на партнерствата и зајакнување на стопанството преку воведување на стимулативни мерки.

Согласно Стратегијата за локален економски развој на Општина Охрид и стратешките цели во делот на локалната економија од развојниот акционен план, предвидено е да се реализираат:

2.4.1. Саем на алтернативни форми на туризам (Понуда, храна, активности, сместување).

Саемот во организација на Општина Охрид, (Секторот за туризам и ЛЕР), треба да овозможи презентација на целокупната понуда во сегментот на алтернативните форми на туризмот како стопанска гранка која што најнепосредно носи економски бенефит на најширок круг на семејства и граѓани на општината. Веќе една деценија наназад ова е најбрзорастечкиот сегмент во туризмот на глобално ниво. Воедно тоа ќе претставува и вистинска можност за воспоставување на меѓусебни мрежи и асоцијации за соработка и заеднички настап на хотелиерите, туристичките организации, туроператори и даватели на услуги а ќе се реализира како **тродневна** содржина:

-**Изложбено презентациски дел – Запознај ги руралните области – Рурален Охрид,**
-**Традиционална култура, обичаи, манифестации и фолклор,**
**Етно работилница**: Традиционална облека храна обичаи и др,
**Етно пазар, продажен дел на занаетчиски и ракотворни производи,**

-**Вкусот на традицијата – презентација на традиционалната кујна од руралните области**

Предвиден буџет 300.000.оо ден

2.4.2 Воспоставување на партнерски односи со Европски градови и општини од земји членки на ЕУ) исклучиво во функција на користење на средства од ЕУ фондови. За реализација на овие активности е неопходно да се организираат работни посети како на претставници на Општината Охрид во други општини така и на нивните претставници кај нас.

Предвиден буџет 200.000.оо ден

**Вкупно планиран буџет за 2.4: 500.000.оо ден.**

**2.5. Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти**

Според утврдените правила за апликација за одредени проекти, во зависност од донаторот како неопходност се наметнува потребата од обезбедување на средства за сопствено учество кои мора да се запазат како прв услов за аплицирање за одреден проект. Секој донатор определува посебни услови кои локалната самоуправа треба да ги обезбеди како составен дел од апликацијата за соодветниот проект. Со оваа ставка се предвидуваат средства за сопствено учество во следните области:

2.5.1. Партиципација односно сопствено учество на Општина Охрид за аплицирање и реализација на **меѓународни проекти со посебен акцент за ИПА фондовите**, **Агенцијата за поддршка на руралниот развој** и др.

Предвиден буџет 300.000.оо ден

2.5.2. Партиципација односно сопствено учество на Општина Охрид за аплицирање и реализација на **регионални проекти** во рамките на Југозападниот Плански Регион согласно Законот за рамномерен регионален развој и Годишната програма за финансирање на регионални проекти на Бирото за регионален развој.

Предвиден буџет 300.000.оо ден

2.5.3. Зедничко учество во аплицирање и реализација на проекти со други општини од Република Македонија во рамки на Програмите на различни донатори, меѓународни асоцијации, фондови, амбасади и други, за **меѓуопштинска соработка** и **микрорегионални проект.**

Предвиден буџет 300.000.оо ден

**Вкупно планиран буџет за 2.5. 900.000.оо ден.**

### 2.6. Други оперативни расходи и договорни услуги

За реализација на активностите на Програмата за подршка на локалниот економски развој за 2013 год., потребни се одредени средства кои се наопходни за реализација на истите. Овде пред се се мисли на договори за одредени услуги со правни или физички лица или хонорари без кои не би можеле да се реализираат предвидените содржини во 2013 год.

**2.6.1.** Договорни обврски Предвиден буџет 1,000.000.оо ден

**2.6.2.** Други оперативни расходи Предвиден буџет 250.000.оо ден

**Вкупно планиран буџет за 2.6. 1,250.000.00 ден.**

**2.7. Подготовка на проекти**

Успешноста на реализацијата на зацртаните проектни активности на вработените во одделението за Локален економски развој е најдиректно поврзано со степенот на нивната обученост и стручност. Бидејки се работи за сложена и комплексна проблематика согласно Европските стандарди, неопходно е континуирано подигнување на капацитетите на човечките ресурси во одделението за ЛЕР. Доказ за важноста на оваа проблематика е и тоа што во Европските претпристапни фондови (ИПА), цела една компонента е посветена токму на овој процес на континуирано стекнување на нови знаења и приближување кон европските стандарди.

Оваа програма за подигнување на капацитетот на човечките ресурси, планирано е да се оствари преку:

2.7.1. Учество на стручни обуки, тренинзи, семинари, работилници, конференции,

Предвиден буџет 200.000.оо ден

2.7.2. Превод на стручна литература, Предвиден буџет 200.000.оо ден

2.7.3. Консултантски услуги за специфични проектни активности, Предвиден буџет

300.000.оо ден

**Вкупно планиран буџет за 2.7: 700.000.оо ден.**

**ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА 2013: 6.000.000,00 ден**

**Број 07- 5664/23-1**
**28.12.2012 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ПОТРЕБИ НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВ ПОЖАРНА ЕДИНИЦА ОХРИД ЗА 2013 ГОД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Програмата за финансиските потреби на територијалната против пожарна единица Охрид за 2013 год, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2012 год.

**Број 08 - 5664/24** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.12.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески, с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2012 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАСИСКИТЕ ПОТРЕБИ НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА ОХРИД ЗА 2013 ГОДИНА**

**Член 1**

Се усвојува Програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2013 година .

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-5664/24** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.12.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески, с.р**

# ПРОГРАМА
## за финансиските потреби на ТППЕ Охрид
## за 2013 година

Заради нормално и ефикасно извршување на функциите во заштитата од пожари во Општина Охрид, согласно Прирачникот за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра и противпожарната заштита, за ТППЕ - Охрид за **2013** година, се планираат следните финансиски потреби

**1. Финансиски потреби за вработените во ТППЕ - Охрид:**

| р.б. | Вид на финансиска потреба | Вкупно (денари) |
|---|---|---|
| 1 | Тековно одржување на ПП возила, пумпи, генератори и друга опрема (регистрација на возилата, гориво, мазиво, средства за ладење, поправки и друго) | 600,000.00 |
| 2 | Комунални трошоци (електрична енергија, греење, вода, смет, телефонски и други услуги) | 150,000.00 |
| 3 | Тековно одржување на објектот и инвентарот (одржување на инсталациите, градежните делови на објектот, варосување, одржување на ел. апарати и друго) | 80,000.00 |
| 4 | Набавка на облека и обувки (зимска униформа, летна униформа, ветровки, кошули, полувери, маици, капи, чевли, чизми и друга пропишана облека) и набавка на лична заштитна опрема (пожарникарски шлем, заштитно одело, пожарникарски ремен со прибор, заштитна маска, пожарникарски чизми и друга пропишана опрема) | 1,500,000.00 |
| 5 | Набавка на противпожарана опрема и средства за гаснење на пожари (без финанскиски средства за ПП возила) | 1,000,000.00 |
| 6 | Непредвидени трошоци (големи дефекти на ПП возила и другата опрема, зголемен број на интервенции и друго) | 600,000.00 |
| 7 | Колективно осигурување на работниците согласно Законот за пожарникарство | 120,000.00 |
| | **ВКУПНО:** | **4,050,000.00** |

**Број 07- 5664/24-1** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.12.2012 год.** | **Претседател**
**Охрид** | **Душко Јаковчески, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПРАЗНИЦИ И МАНИФЕСТАЦИИ ЗА 2013 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Програмата за одбележување на празници и манифестации за 2013 година , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2012 год.

**Број 08 -5664/25 ОПШТИНА ОХРИД**
**28.12.2012 год. Градоначалник,**
**О х р и д Александар Петрески, с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2012 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПРАЗНИЦИ И МАНИФЕСТАЦИИ ЗА 2013 ГОДИНА**

**Член 1**

Се усвојува Програмата за одбележување на празници и манифестации за 2013 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-5664/25 СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.12.2012 год. Претседател**
**О х р и д Душко Јаковчески, с.р**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ. бр.5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл. гласник“ на општина Охрид бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2012 год. ја донесе следната :

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПРАЗНИЦИ И МАНИФЕСТАЦИИ ЗА 2013 год.**

**Празници на централно и локално ниво**

| Р.бр. | Празник | Дата | Место | Организатор | Соорганизатор | Активности на ЛС |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Свети Сава-празник на српската заедница | 27.01. | | Српска заедница | Локална заедница | Присуство на општинска делегација на програмските активности организирани од српската заедница |
| 2. | Прличеви Беседи 120 год.од смртта на Прличев | 06.02. | - НУ центар за култура<br>- НУ Градска библиотека<br>- ОУ Григор Прличев<br>- Спомен куќа на Прличев<br>- Гробот на Прлиев<br>- Спомен обележје на Прличев (пред НУ градаска библиотека и во дворот на ОУ | -НУ Центар за култура<br>- НУ Градска библиотека<br>- ОУ Григор Прличев | -Локална самоуправа<br>-Завод и музеј-Охрид<br>-ЈП Охридски Комуналец | Ги усогласува активностите на сите институции, изработува покани(дел од нив и ги дистрибуира), набавува свежо цвеќе за спомен обележјата, и помага во организација и реализација на севкупната програма. Градоначалникот, претседателот и членовите на Советот присуствуваат на манифестациите, делегација формирана од советот на општината полага свежо цвеќе на спомен обележјата на Г. Прличев пред НУ Градска Библиотека и ОУ Г. Прличев и гробот на Прличев. Со митрополитот Тимотеј ( МПЦ)се организира Панихида на гробот на Прличев.Во спомен куќата на Прличев се планира некоја активност ( поетско читање, музички рецитал и др.),а Завод и музеј кој стопанисува со спомен куќата на Прличев) обезбедува послужување за гостите, се грижи просторот да е затоплен и слично. |
| 3. | Меѓународен ден на жената | 08.03. | Разни локации | Разни локации | Повеке институции и здруженија | Организација и координација на активностите |
| 4. | Светски ден на здравјето | 07.04. | Разни локации | Локална самоуправа | Здравствени и образовни институции, „Црвен крст“ и др. | Организирање и координирање на сите активности |
| 5. | Меѓународен ден на Ромите | 08.04. | | Ромска заедница | Локална самоуправа | Присуство на општинска делегација на активностите предвидени од Ромската заедница |
| 6. | 1/ви Мај - празник на трудот | 01.05. | | | | Евентуално преку медиумите да се упати честитка до граѓаните |
| 7. | Годишнина од победата над фашизмот<br><br>- Ден на ЕУ | 09.05. | Спомен обележја од НОВ | Сојуз на борци | Локална самоуправа | Полагање свежо цвеќе на спомен обележјата од НОВ во градскиот парк, Паркот на револуцијата и градските гробишта.<br>По повод на ЕУ можно е да се предвидат разни активности на учениците од училиштата или други институции. |
| 8. | Национален ден на Власите | 23.05. | | Влашка етничка заедница | Локална самоуправа | Присуство на општинска делегација на манифестациите организирани од Влашката етничка заедница |
| 9. | Ден на сесловенските просветители | 24.05. | Спомен обележјето на Св. Кирил и Методи | Училишта | Локална самоуправа | Делегација на општина Охрид, училиштата, разни институции и претставници на дипломатскиот кор во РМ полагаат свежо цвеќе на спомен облежјето на св. Кирил и Методи во градскиот парк. Се организираат |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | културно-уметнички и спортски активности во соработка со училиштата и други институции. Градоначлникот доделува признанија и симболични подароци на учениците кои освоиле награди на републички и меѓународни натпревари. |
| 10. | Светски ден на борба против пушењето | 31.05. | Разни здравствени и образовни институции | Локална самоуправа | Разни здравстевени и образовни институции | Организирање и координирање на активностите |
| 11. | Ден на екологијата | 05.06. | | Министерство за екологија Министертво за земјоделие - Еколошки друштва | - Локална самоуправа - ЈП Охридски комуналец | Учениците, еколошките друштва, и др во содејтво со Локалната самоуправа вршат засадување на садници, чистење на крајбрежието на Охридското Езеро и други јавни површини |
| 12. | Ден на Охридското езеро | 21.06. | | Општина Охрид- Локална самоуправа | Општина Поградец Општина Струга Невладини организации од 3-те града | Организира пречек на гостите, програма,изложби, спортски активности, и др. |
| 13. | Илинден-Ден на Републиката 110 год.од Илинденското востание | 02.08. | Спомен обележја од Илинденскиот период | -Локална самоуправа -Спортски друштва | | Локалната самоуправа испраќа делегација во Пелинце/Крушево а на спомен обележјата од илинденскиот период ловирани во подрачјето на Општ. Охрид се полага свежо цвеке.Се организираат спортски и културни манифестации(илинденска регата, мал пливачки маратон, концерти и сл.) |
| 14. | Недела на св. Климент-летен | 07-14. 08. | Разни локации низ градот | Локална Самоуправа | Разни институции, невладини организации и др. | Се поканувaат делегации од збратименитеи пријателските градови, се организира програма, се полага свежо цвеќе. |
| 15. | Годишнина од независноста на РМ | 08.09. | | Атлетски клуб | Локална самоуправа Спортски друштва | Соорганизација на евентуални активности организирани од Централната власт<br><br>Соорганизација и подршка во спортските активности |
| 16. | Меѓународен ден на мирот | 21.09. | Повеќе локации | Локална самоуправа | Сојуз на борци и други институции и организации | Организирање и координирање на активностите |
| 17. | Меѓународен ден без автомобили | 22.09. | Повеќе локации | Локална самоуправа | | Организирање зактивности за подигање на свеста на граѓаните за зачувување на животната средина помала употреба на автомобили |
| 18. | Меѓународен ден на Бошњаците | 28.09. | | Бошњачка заедница | Локална самоуправа | Присуство на општинска делегација на манифестациите организирани од Бошњачката етничка заедница |
| 19. | Европски ден на туризмот | 07.10. | Повеќе локации | Локална самоуправа | Туристички здруженија | Организирање и координирање на активностите |
| 20. | Годишнина од народното востание | 11.10. | -Спомен обележја | Сојуз на борци | Локална самоуправа НУ Градска библиотека, НУ Центар за култура, НУ Завод и музеј | Се полага свежо цвеќе на спомен обележјата од НОВ |
| 21. | Ден на македонската револуционерн | 23.10. | -Спомен обележја од Илинденскиот | | Локална самоуправа Сојуз на борци | Обезбедување и полагање свежо цвеќе на спомен обележјата |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | а борба | | период | | | |
| 22. | Ден на ослободување на градот | 07.11. | Сала на Општина Охрид -НУ Центар за култура -Спомен обележја | Сојуз на борци | Локална самоуправа -ЈП Охридски комуналец -Детска градинка - Јасна Ристеска -МЗ Рамне | -Свечена седница со кратка културно-уметничка програма, - полагање свежо цвеќе на спомен обележјата од НОВ ( градски парк, Паркот на револуција,градски гробишта, МЗ Рамне и др. локации во градот каде има спомен обележја на борците од НОВ |
| 23. | Ден на албанската азбука | 22.11. | | Албанска заедница | Локална Самоуправа | Присуство на општинска делегација на организираните програмски активности |
| 24. | Меѓународен ден на децата | 29.11. | Училишта и образовни институции | | Детски градинки и образовни институции | |
| 25. | Светски ден на лицата со хендикеп | 03.12. | Здруженија на лица со хендикеп и др.локации | Локална самоуправа | Здруженија на лица со хендикеп и други здруженија и институции | Организирање и координирање на активностите |
| 26. | -. Св Климент Патрон на градот | 08.12. | | Локална самоуправа | - ОСУ и ОУ Св. Климент Охридски - НУ Центар за култура -НУ Градска библиотека - НУ Завод и Музеј - Детска градинка | Се изработуваат и дистрибуираат покани, се поканувaат делегации од збратимените и пријателските градови, се набавува цвеќе за сите делегации, се организира полагање на цвеќето за сите делегации и други гости од Централната Власт и дипломатскиот кор на споменикот на св. Климент на градскиот плоштад,, а општинска делегација полага свежо цвеќе и на спомен обележјето на св. Климент во дворот на ОУ Св. Климент Охридски. Градоначалникот организира прием за гостите, се организира Свечена Академија, коктел и сл. Градоначалникот, претседателот членовите на советот активно учествуваат на сите манифестации. |
| 27. | Меѓународен ден на човековите права | 10.12. | Образовни и други институиции | Локална самоуправа | Образовни и други институции од општествено значење | Организирање и координирање на активностите |
| 28. | Меѓународен ден на планините | 11.12. | Образовни институции, еколошки и планинарски друштa | Локална самоуправа | Планинарски и еколошки друштва,образо бни институции | Организирање и координирање на активностите |
| 29. | Ден на настава на турски јазик | 21.12. | | Турска етничка заедница | Локална самоуправа | Присуство на општинска делегација на манифестациите предвидени-организирани од Турската етничка заедница |
| 30. | Дочек на Нова Година | 31.12. | Градски плоштад | Локална самоуправа | Други заинтересирани субјекти | Новогодишно украсување на градот.Музики предновогодишни концерти, детски забави, доделување на новогидишни пакетчиња на деца во болници, градинки, невладини здруженија. Новогодишен хепенинг,огномет |

## Годишнини и манифестации

| Р.бр. | Манифеста ција | Дата | Место | Организат ор | Соорганизатор | Активности на ЛС |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Патронен | 05.01. | | ОЕМУЦ „Св. | Локална | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | празник на ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ и ОУ „ Св. Наум Охридски“ | | | Наум Охридски“ и ОУ „ Св. Наум Охридски“ | самоуправа | |
| 2. | Прослава на Стара Нова Година-Василица | 13.01. | М.Заедници | Месни заедници | Локална самоуправа | Помага во обезбедување на дрва, храна и пијалок |
| 3. | Маскембал | 14.01. | С. Куратица | Месна зедница | Локална самоуправа | Помага во обезбедување на дрва, храна и пијалок |
| 4. | Богојављени е - Водици | 19.01. | Градско пристаниште | МПЦ орг..Богојавл јение | Локална самоуправа | Дистрибуира дел од поканите, помага во организација и протоколот на манифестацијата и финансиски ја потпомага |
| 5. | Годишнина од смртта на Коста Абраш | 21.01. | спомен плоча на Коста Абраш | -Завод и музеј<br>-Печатница Коста Абраш | Локална самоуправа | Формира делегација која полага свежо цвеќе |
| 6. | Годишнина од смртта на Марко Бошњаков | 27.02. | Спомен плоча-Родната куќа на Бошњаков | Локална самоуправа | | Полагање свежо цвеќе на спомен плочата на Бошњаков |
| 7. | Ден на албанската просвета | 7.03. | ОУ„Братство Единство“ или центар за култура | ОУ„Братство Единство“ | КУД Балет е Југут и Локална самоуправа | |
| 8. | Годишнина од смртта на Кузман Шапкарев | 18.03. | | Локална самоуправа Завод и музеј | | |
| 9. | Патронен празник на ОУ Живко Чинго | 20.03. | | ОУ „Живко Чинго“ | Локална самоуправа | |
| 10. | Светски ден за заштита на водите | 22.03. | | -ЈПА Проаква<br>-Еко друштва | | |
| 11. | Патронен празник на ОМУ Методи Патче | 07.04. | | ОМУ Методи Патче | Локална самоуправа | |
| 12. | Патронен празник на ОУ Христо Узунов | 24.04. | с.Цер | - ОУ Христо Узунов<br>- плоштад | Локална самоуправа | Се организира културно-уметничка програма, се организира превоз за делегации и граѓани до Цер, се набавува и полага свежо цвеќе на спомен обележјето на Узунов во градскиот парк и на гробот на Узунов во Цер |
| 13. | Ден на Службата за безбедност | 07.05. 2011 - | УВР | УВР Охрид | Локална самоуправа | Градоначалникот организира прием и обезбедува подарок за најдобриот полицаец |
| 14. | Патронен празник на ОУ Ванчо Николески | 10.05. | | ОУ Ванчо Николески | Локална самоуправа | |
| 15. | Ден на пожарникари те | 20.05. | УВР | ПП бригада | Локална самоупорава | Финасиски помага во организирање коктел-прием и обезбедува подарок за најдобриот пожарникар |
| 16. | Основање на | 08.06. | Локов | Сојуз на | Локална | Делегација од Советот на Општината полага свежо |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1/ва МУБ | | | борци | самоуправа | цвеќе |
| 17. | Св.Наум Охридски - Чудотворец | 03.07. | Градски парк ( пред Рибен ресторан ) | Локална самоуправа | | Делегација од Советот на Општината полага свежо цвеќе |
| 18. | Меѓународен филмски фестивал | 29.06-04.07. | НУ центар за култура | Локална самоуправа | | Испраќа покани, ја организра целокупната манифестација, протокол и сл |
| 19. | Балкански фестивал | 06.-11.07. | | Министерство за култура | Локална самоуправа | Финасиски ја подржува манифестацијата, градоначалникот, претседателот и членовите на Советот ја следат манифестацијата |
| 20. | Едриличарска регата | 31.07. - 02.08. | | Едриличарски клуб АМАК - СП | Локална Самоуправа | Логистичка поддршка |
| 21. | Вечери на Живко Чинго | 13.08. | с.Велгошти | МЗ Велгошти | Локална самоуправа | Логистичка подршка |
| 22. | Поетска ноќ во Велестово | 17.08. | | манифестацијата поетска ноќ | Локална самоуправа | Логистичка поддршка |
| 23. | Ден на граничарите | 15.08. | Св.Наум | | | Се посетуваат пограничните единици |
| 24. | Ден на АРМ | 18.08. | Касарна | АРМ | Локална Самоуправа | Делегација на Општина Охрид учествува на манифестациите |
| 25. | Меѓународен хорски фестивал | 23-27.08. | НУ Центар за култура | Охридски хор | Локална самоуправа | Логистичка поддршка |
| 26. | Охрид Фест | 25.08. | Долни сарај | | Локална Самоуправа | Логистичка поддршка |
| 27. | 100 години од Охридското востание | 11-12.09. | Центар за култура И Спомен обележје Велгошти | Локална самоуправа | | Организирање на дебата со историчари Делегација формирана од Советот полага свежо цвеќе на спомен обележјето во с. Велгошти |
| 28. | Патронен празник на ДУТУ Ванчо Питошески | 18.11. | ДУТУ „Ванчо Питошески“ | | Локална самоуправа | Присуство на општинска делегација на манифестациите организирани од ДУТУ Ванчо Питошески |
| 29. | Ден на воведување турски наставен јазик | 15.11. | | Локална самоуправа и Здруж. на граѓани „Карабеј мала“ | Локална самоуправа | Присуство на општинска делегација на манифестациите организирани од Турската етничка заедница |
| 30. | Патронен празник на ОУ Кочо Рацин | 21.12. | ОУ „К.Рацин“ | ОУ „Кочо Рацин“ | Локална самоуправа | Присуство на општинска делегација на манифестациите организирани од ОУ Кочо Рацин |

**Број 07- 5664/25-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.12.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2013 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2013 година , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2012 год.

**Број 08 -5664/26** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.12.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески, с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2012 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2013 ГОДИНА**

**Член 1**

Се усвојува Програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2013 година .

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-5664/26** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.12.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески, с.р**

Врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид ( Службен гласник на општина Охрид бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2012 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2013 ГОД.**

Советот на општина Охрид, во согласност со одредбите од Статутот на општината и надлежностите на Советот, програмски ја определува и насочува својата работа со цел да обезбеди услови и можности за целосно и ефикасно остварување на своите функции, благовремено подготвување на предвидените материјали во одредените рокови од утврдените изготвувачи. Притоа, основна задача е да се утврдат најактуелните прашања од животот на граѓаните низ кои ќе се обезбеди натамошен развој на општината Охрид.

**ПРВО ТРИМЕСЕЧИЕ Јануари – Март**

Годишен Извештај за работата на Советот на општина Охрид за 2012 година .
**ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за поддршка на Советот**

Годишен Извештај за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови на општина Охрид за 2012 година.
**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам и заштита на животна средина**

Годишен Извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина за периодот од 01.01.-31.12.2012 година.
**ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за заштита на животна средина**

Годишен Извештај за реализација на Програмата за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води за 2012 година.

Годишен Извештај за реализација на Програмата за изградба на системи за водоснабдување за 2012 година.

Годишен Извештај за реализација на Програмата за изградба на сообраќајна сигнализација за 2012 година.

Годишен Извештај за реализација на Програмата за изградба и реконструкција на локални патишта и улици за 2012 година.

Годишен Извештај за реализација на Програмата за други комунални услуги за 2012 година.

Годишен Извештај за реализација на Програмата за јавно осветлување за 2012 год.

Годишен Извештај за реализација на Програмата за одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќај за 2012 .

Годишен Извештај за реализација на Програмата за јавна чистота за 2012 год.

Годишен Извештај за реализација на Програмата за јавни паркови и зеленило за 2012 год.

Годишен Извештај за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште за 2012 год.

Годишен Извештај за реализација на Програмата за јавно осветлување за 2012 год.
**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за комунални дејности, сообраќај и улици.**

Годишен извештај за работењето на Одделението за даноци за периодот од 01.01. - 31.12.2012 год.
**ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за даноци**

Годишен извештај за работењето на Одделението за комунални такси за периодот од 01.01. - 31.12.2012 год.
**ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за комунални такси**

Годишен Извештајот за работата на Секторот за јавни дејности за периодот од 01.01.-31.12. 2012 год.
**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за јавни дејности**

Годишен Извештај за реализација на Програмата за поддршка на локалниот економски развој за периодот од 01.01.-31.12. 2012 год.
Годишен Извештај за реализација на Програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за периодот од 01.01.-31.12.2011 год.
**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за туризам и локален економски развој**

Годишен Извештајот за работата на одделението за инспекциски надзор-Инспекторат за периодот од 01.01.-31.12.2012 год.
**ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за инспекциски надзор- Инспекторат**

Годишен Извештај за состојбата во областа на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата.
**ИЗГОТВУВАЧ: СВР Охрид**

Усвојување на завршната сметка на буџетот на општина Охрид и финансиски извештај за 2012 година
**ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за финансии, буџетско планирање и анализа**

Усвојување на завршната сметка и извештај за работата на ЈОУДГ „Јасна Ристеска“– Охрид за периодот од 01.01-31.12.2012 год.
**ИЗГОТВУВАЧ: ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ - Охрид**

Усвојување на завршната сметка и извештаи за работа на основните и средните училишта
**ИЗГОТВУВАЧ: Основни и средни училишта**

Извештај за работењето во 2012 година и завршна сметка на ЈП „Охридски Комуналец“ – Охрид за периодот од 01.01.-31.12.2012 год.
**ИЗГОТВУВАЧ: Стручна служба на ЈП „Охридски Комуналец“**

Извештај за работењето во 2012 година и завршна сметка на МЈП „Проаква“ - Струга за РЕ „ВОДОВОД“ Охрид за периодот од 01.01 - 31.12.2012 год.

**ИЗГОТВУВАЧ: Стручна служба на МЈП „Проаква“– Струга**

Извештај за работењето во 2012 година и завршна сметка на ЈП „ Билјанини Извори“ - Охрид за периодот од 01.01.-31.12.2012 год.

**ИЗГОТВУВАЧ: Стручна служба на ЈП „ Билјанини Извори “ – Охрид**

Извештај за работењето во 2012 година и завршна сметка на ЈП „ Нискоградба -- Охрид“ Охрид за периодот од 01.01.-31.12.2012 год.

**ИЗГОТВУВАЧ: Стручна служба на ЈП „Нискоградба Охрид“ Охрид**

Годишна програма за поставување на урбана опрема во општина Охрид -2013 год.
Урбанистички решенија
**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам и заштита на животна средина**

Советнички прашања .

**ВТОРО ТРОМЕСЕЧИЕ Април – Јуни**

Деловник за работа на Советот на општина Охрид
**ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за поддршка на Советот**

Извештај за остварени приходи и реализација на буџетот, период 1 - 3 месец 2013 година

**ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за финансии, буџетско планирање и анализа.**

Квартални извештаи за реализација на Програмите усвоени од Советот

**ИЗГОТВУВАЧ: МЈП „ Проаква„ Струга РЕ „Водовод“ Охрид**
**ЈП „Охридски Комуналец “ Охрид**
**ЈП „ Билјанини Извори“ Охрид**
**ЈП „Нискоградба Охрид “ Охрид**
**ЈП „ Градски Пазар“ Охрид**
**ЈП „Градски гробишта“ Охрид**
**ЈП „Погребни услуги“ Охрид**
**Сектор за комунални дејности , сообраќај и улици**
**Сектор за урбанизам и заштита на животна средина Сектор за туризам и локален економски развој**

**Урбанистички решенија**

**ИЗГОТВУВАЧ:Сектор за урбанизам и заштита на животна средина**

Одлука за организирање на режимот на сообраќајот на дел од територијата на општина Охрид

**ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за сообраќај и улици**

**Советнички прашања**

**ТРЕТО ТРОМЕСЕЧИЕ Јули – Септември**

Квартални извештаи за реализација на Програмите усвоени од Советот:

**ИЗГОТВУВАЧ: ЈП „Нискоградба Охрид “ Охрид**
**ЈП „ Градски Пазар“ Охрид**
**ЈП „Градски гробишта“ Охрид**
**ЈП „Погребни услуги“ Охрид**
**МЈП „Проаква“ Струга РЕ „Водовод“ Охрид**
**ЈП „Охридски Комуналец„ – Охрид**
**ЈП „Билјанини Извори“ Охрид**

**Сектор за комунални дејности , сообраќај и улици**
**Сектор за урбанизам и заштита на животна средина Сектор за туризам и локален економски развој**

Полугодишен Извештај за состојбата во сверата на даноците

**ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за даноци**

Полугодишен Извештај за состојбата во сверата на комуналните такси

**ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за комунални такси**

Информација за работењето на општинскиот инспекторат

**ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за инспекциски надзор - Инспекторат**

Урбанистички решенија

**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам и заштита на животна средина**

Извештај за реализација и остварени приходи на буџетот за првата половина од 2013 година .

**ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за финансии, буџетско планирање и анализа**

Извештај за состојбата во областа на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата.

**ИЗГОТВУВАЧ: СВР Охрид**

Годишен извештај за постигнати резултати во текот на учебната 2012/2013 година во основните и средните училишта.

Усвојување на Годишна програма за работата на основните и средните училишта во учебната 2013 - 2014 година

**ИЗГОТВУВАЧ: Основни и средни училишта**

Годишна програма за работа на ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ - Охрид за 2013 – 2014 година

**ИЗГОТВУВАЧ: ЈОУДГ „Јасна Ристеска„ – Охрид**

Советнички прашања

**ЧЕТВРТО ТРОМЕСЕЧИЕ Октомври – Декември**

Програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2013/2014 год.

Извештај за реализација на буџетот и остварени приходи 1 - 9 месец 2013 год.

**ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за финансии, буџетско планирање и анализа**

Квартални извештаи за реализација на Програмите усвоени од Советот

**ИЗГОТВУВАЧ:**
**ЈП „Билјанини Извори“ Охрид**
**ЈП „Нискоградба Охрид “ Охрид**
**ЈП „ Градски Пазар“ Охрид**
**ЈП „Градски гробишта“ Охрид**
**ЈП „Погребни услуги“ Охрид**
**МЈП „Проаква“ Струга РЕ „ Водовод“ Охрид**
**ЈП „Охридски Комуналец“ – Охрид**

**Сектор за комунални дејности , сообраќај и улици**
**Сектор за урбанизам и заштита на животна средина**
**Сектор за туризам и локален економски развој**

**ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за комунален развој и сообраќај**

Урбанистички решенија
**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам и заштита на животна средина**

Ребаланс по потреба
**ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за финансии, буџетско планирање и анализа**

Донесување на буџет за 2014 година

Одлука за извршување на буџетот

Програма за образование за 2014 год.

Програма за детската заштита за 2014 год.

Програма за спорт за 2014 год.

Програма за невладини организации и здруженија за 2014 год.

Програма за социјална заштита за 2014 год.

Програма за култура за 2014 год.

**ИЗГОТВУВАЧ : Сектор за јавни дејности**

Програмата за изработка на урбанистички планови за општина Охрид во 2014 година.

Програмата за заштита на животната средина и природата за 2014 година.

**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам и заштита на животна средина**

Програма за уредување на градежно земјиште за 2014 год.

Програма за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води 2014 година.

Програма за изградба на системи за водоснабдување за 2014 година.

Програма за изградба на сообраќајна сигнализација за 2014 година.

Програма за изградба и реконструкција на локални патишта и улици за период 2014 година.

Програма за други комунални услуги за 2014 година.

Програма за јавно осветлување за 2014 год.

Програма за одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќај за 2014 год .

Програмата за јавна чистота за 2014 год.

Програма за јавни паркови и зеленило за 2014 год.

**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за комунални дејности , сообраќај и улици**

Програма за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2014 год.

Програма за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за 2014 година.

**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за туризам и локален економски развој**

Програма за работа на територијалната противпожарна единица Охрид за 2014 год.

**ИЗГОТВУВАЧ : Територијална противпожарна единица**

Програма за одбележување на празници и манифестации за 2014 година
**ИЗГОТВУВАЧ : Сектор за јавни дејности**

Програма за работа на Советот на општина Охрид за 2014 година.
**ИЗГОТВУВАЧ: Општинска администрација**

Програма за унапредување на родовата рамноправност на локално ниво за 2014 година.

**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за јавни дејности**

Програма за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на општина Охрид за 2014 год.
**ИЗГОТВУВАЧ: ОСБСП**

Програма за работа на ЈП „Охридски Комуналец“- Охрид за 2014 година .

**ИЗГОТВУВАЧ: ЈП „ Охридски Комуналец“ Охрид**

Програма за тековно работење на МЈП „Проаква“ Струга за РЕ „Водовод“ Охрид за 2014 год.

**ИЗГОТВУВАЧ: МЈП „ Проаква“ Струга**

Програма за тековно работење на ЈП „Нискоградба Охрид“ Охрид за 2014 год.
**ИЗГОТВУВАЧ: ЈП „ Нискоградба Охрид“ Охрид**

Програма за работа на ЈП Градски пазар Охрид за 2014 год.
**ИЗГОТВУВАЧ: ЈП Градски пазар Охрид**

Програма за работа на ЈП „ Погребни услуги“ Охрид за 2014 год.
**ИЗГОТВУВАЧ : ЈП „ Погребни услуги“ Охрид**

Програма за работа на ЈП „Градски гробишта“ Охрид за 2014 год.
**ИЗГОТВУВАЧ: ЈП „Градски гробишта“**

Програма за работа и развој на ЈП „Билјанини Извори“ Охрид за 2014 год.
**ИЗГОТВУВАЧ: ЈП „Билјанини Извори“ Охрид**

Советнички прашања

Во текот на 2013 година Советот може да ја менува и дополнува Програмата. Ќе се расправа и по други материјали иницирани согласно новите законски надлежности.

Советот ќе расправа и по други прашања од негова надлежност по материјали поднесени од овластени поднесувачи и по предлози за избори и именувања од негова надлежност.

**Број 07-5664/26-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.12.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РОДОВАТА РАМНОПРАВНОСТ НА ЛОКАЛНО НИВО ЗА 2013 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Програмата за унапредување на родовата рамноправност на локално ниво за 2013 година , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2012 год.

**Број 08 -5664/27**
**28.12.2012 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески, с.р**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл. гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2012 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РОДОВАТА РАМНОПРАВНОСТ НА ЛОКАЛНО НИВО ЗА 2013 ГОДИНА

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Програмата за унапредување на родовата рамноправност на локално ниво за 2013 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 5664/27**
**28.12.2012 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески, с.р**

Врз основа на член 16 став 4 од Законот за еднакви можности меѓу мажите и жените (Службен весник на РМ бр.66/06),член 36 од Законот за локална самоуправа ( Службен весник на РМ бр. 5/02) и член 18 од Статутот на Општина Охрид ( Службен гласник на општина Охрид бр.08/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2012 год.ја донесе следната :

## ПРОГРАМА
### ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РОДОВАТА РАМНОПРАВНОСТ НА ЛОКАЛНО НИВО ЗА 2013 ГОД.

1. Активности за подигање на свеста за пријавување на семејното насилство:

- Собирање и анализа на податоци

- Организирање на јавни трибини и советувања од стручни лица
- Изготвување брошури и нивна дистрибуција
- Вклучување на медиуми (информативни емисии, дебати)
- Поддршка на НВО-и кои работат на полето на семејно насилство
- Соработка со организации и здруженија кои работат на оваа проблематика
- Поддршка на проекти на НВО кои работат на проблемот на семејното насилство

- во износ од .........................................................................150.000,00 ден.

2. Активности за подигање на свеста за грижа за стари лица:

- Организирање на работилници во училиштата и градинките за изработка на подароци
- Посета на стари лица (Клуб на пензионери, семејства, болници)
- Организирање пригодни приредби за стари лица во кои ќе бидат вклучени децата
- Организирање на хуманитарни акции за помош на стари лица
- Поддршка на проекти на НВО кои работат на оваа проблематика.

- во износ од .........................................................................50.000,00 ден.

3. Активности за подигање на свеста за заштита од дискриминација.

- Организирање трибини на тема заштита од дискриминација
- Изготвување брошури и нивна дистрибуција до целни групи
- Вклучување медиуми (информативни емисии)
- Поддршка на НВО кои работат на полето на дискриминација
- Организирање на приредби со деца под мотото Заштита од дискриминација.
- Подршка на проекти на невладини организации кои работат на оваа проблематика.

-во износ од ...........................................................................150.000 ден.

**Број 07- 5664/27-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.12.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА 2013 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојувањена Програмата за социјална заштита за 2013 година , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2012 год.

**Број 08 -5664/28** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.12.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески, с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2012 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА 2013 ГОД.**

**Член 1**

Се усвојува Програмата за социјална заштита за 2013 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 5664/28** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.12.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески, с.р**

# ПРОГРАМА 2013- СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

| Р.Б | О П И С | ВКУПЕН ИЗНОС |
|---|---|---|
| 1 | *Субвенции за комунални трошоци* | 600.000,00 |
| 2 | *Еднократна парична помош* | 400.000,00 |
| 3 | *Трансфер на средства* | 200.000 |
| | *В К У П Н О* | 1.200.000 |

**Број 07- 5664/28-1**
**28.12.2012 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ОПШТИНСКИОТ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2013 ГОД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Програмата за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на општина Охрид за 2013 год , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2012 год.

**Број 08 -5664/29** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.12.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески, с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2012 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ОПШТИНСКИОТ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2013 ГОДИНА**

**Член 1**

Се усвојува Програмата за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на општина Охрид за 2013 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-5664/29** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.12.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески, с.р**

**ПРОГРАМА**
**ЗА РАБОТА НА ОПШТИНСКИОТ СОВЕТЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2013 ГОДИНА**

## 1. ВОВЕД

Програмата за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата (ОСБСП) на Општина Охрид за 2013 година е подготвена врз основа на Одлуката бр.07-3181/19 од 02.12.2009 год. на Советот на Општина Охрид, како и врз основа на реализација на препораките од Националната стратегија на Република Македонија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата 2009 - 2014 година.

При изработката на Програмата за работа на ОСБСП за 2013 година земени се во предвид основните причини за основање, формирање и функционирање на ОСБСП на Општина Охрид: развивање и унапредување на сообраќајното образование и воспитание на учесниците во сообраќајот, остварување на соработка и координација во развивањето на сообраќајно - превентивната работа и самозаштита, унапредување на општата безбедност на сообраќајот на патиштата како работа од поширок општествен интерес, како и иницирање, предлагање и реализирање на потребни мерки, активности, настани, акции, кампањи и манифестации за поголема безбедност на сообраќајот на патиштата во Општина Охрид.

Исто така, при изработката на Програмата, земени се во предвид сите пропишани задачи на ОСБСП:

- Унапредување на работите поврзани со безбедноста на сообраќајот на патиштата во Општина Охрид;
- Унапредување на сообраќајното воспитување и образование на сите учесници во сообраќајот во општината;
- Развивање и унапредување на сообраќајно - образовната работа на предучилишните и училишните установи;
- Остварување на соработка и координација во превентивната работа на државните органи, институциите, правните лица и другите субјекти по прашањата на самозаштита во областа на сообраќајот на патиштата во општината;
- Организирање и учество во сообраќајно - воспитни акции и манифестации од областа на сообраќајната превентива;
- Поттикнување, развивање и помагање на научно-истражувачката дејност во областа на сообраќајот на патиштата;
- Набавка, изработка, дистрибуција или издавање на соодветни сообраќајно - воспитни печатени или електронски материјали;

- Организирање на научни и стручни собири, јавни дебати, трибини, анкети, јавни расправи и други видови манифестации за прашања и проблеми од областа на безбедноста на патниот сообраќај во општината;
- Соработка со средствата за јавно информирање, за навремено, целосно и објективно информирање на јавноста за мерките за унапредување на сообраќајната превентива и безбедноста на сообраќајот на патиштата, што се содржани во Програмата за работа за 2013 година.

## 2. ГОДИШНА ПРОГРАМА НА АКТИВНОСТИ

| Активност | Основна цел | Опис | Период | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|
| **1. Дистрибуција на соодветни известувања и информации за предвидените мерки и активности до сите основни училишта** | Да се запознаат одговорните лица во основните училишта за предвидените активности на ОСБСП во поглед на унапредување на сообраќајното воспитување и образование на учениците | Организирање средби со директорите или останатите релевантни одговорни лица од основните училишта (одделенски наставници или наставници по техничко образование) или нивно писмено или електронско информирање за потребата од спроведување на соодветна сообраќајна едукација и подготовка на учениците | Јануари 2013 - Февруари 2013 | Обрнување поголемо внимание и ставање посебен акцент, во воспитно - образовниот процес по соодветните предмети во основните училишта, врз потребата за запознавање на учениците со правилата и прописите за безбедно и уредно одвивање на сообраќајот по патиштата |
| **2. Сообраќаен квиз натпревар или тестирање на тема „Колку го познаваш сообраќајот?“** | Сообраќајна едукација од теоретска природа на најмладите учесници во сообраќајот за подигнување на нивото на сообраќајно - техничката култура и нивото на | Организирање и спроведување на квиз натпревари во основните училишта, за учениците од трето до деветто одделение, со квиз прашања соодветни за возраста на учениците | Март 2013 - Април 2013 | Активно учество на сите ученици од трето до деветто одделение во сите основни училишта во општината и согледување и анализа на постигнатите резултати, како основа за |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | безбедност во сообраќајот во општината | (електронско тестирање онаму каде што постојат ИТ услови за тоа) | | понатамошно делување во насока на подигнување на нивото на сообраќајно - техничката култура |
| **3. Сообраќајно - воспитна манифестација „Детски семафор“** | Сообраќајна едукација од практична природа на најмладите учесници во сообраќајот за подигнување на нивото на сообраќајно - техничката култура и нивото на безбедност во сообраќајот во општината | Организирање и спроведување на сообраќајни натпревари „Детски семафор“, како продолжеток на традиционалната форма на воспитно образовните активности од областа на сообраќајот на ниво на Република Македонија | Април 2013 - Мај 2013 | Натпреварувачите со најдобри постигнати резултати ќе земат учество на државниот натпревар, во соработка и координација со РСБСП на Република Македонија |
| **Активност** | **Основна цел** | **Опис** | **Период** | **Очекувани резултати** |
| **4. Одбележување на Светскиот ден на здравјето 7-ми Април со пригодни активности и публикации, во соработка со медиумите за јавно информирање и други невладини или стручни организации и институции** | Да се подигне свеста кај граѓаните - возачи на моторни возила во Општина Охрид за непходноста од пешачење и возење велосипед, тротинет или ролери, односно редовно практикување на спортски и рекреативни активности за зачувување на сопственото здравје, од | Печатење на соодветни брошури и флаери, организирање на јавна трибина или предавање во соработка со релевантни невладини организации (Црвен Крст, Младински совет или еколошко друштво) или стручни установи (јавна или приватна здравствена установа), | Април 2013 | Активно учество на сите договорени, координирани и усогласени партнери - субјекти што ќе бидат инволвирани во реализација на активностите и опфаќање на што поширока популација, односно што поголем број возачи во Општина Охрид за постигнување на основните дефинирани цели на предвидените |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | аспект на редукција на користењето на моторните возила и земање учество во сообраќајот како пешаци или велосипедисти. | земање активно учество во одбележувањето или организирањето на одредените активности од страна на други општински или национални институции и установи, настап и промоција на електронските медиуми, интернет и сл. | | активности. |
| **5. Сообраќајно-воспитна акција „Сообраќајно - техничка култура на младите учесници во сообраќајот“** | Сообраќајна едукација од теоретска природа на младите учесници во сообраќајот за подигнување на нивото на сообраќајно - техничката култура и нивото на безбедност во сообраќајот во општината | Организирање и спроведување на сообраќајно воспитна акција за учениците од средните училишта во општината, која е од посебна важност, зато што во средните училишта не постои организирана редовна воспитна работа со младите од областа на безбедноста на сообраќајот, преку соодветни гостувања, предавања, делење на печатени материјали и сл. | Мај 2013 | Интерактивно учество и запознавање на учениците од прва до четврта година во средните училишта во општината со основите и потребите за подигнување на нивото на сообраќајно - техничката култура на младите учесници во сообраќајот и безбедноста во патниот сообраќај во општината. |
| **Активност** | **Основна цел** | **Опис** | **Период** | **Очекувани резултати** |
| **6.** | Да се подигне | Печатење на | Јуни 2013 | Активно учество |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Одбележување на Светскиот ден на заштита на животната средина 5-ти Јуни со пригодни активности и дистрибуција на публикации, во соработка со медиумите за јавно информирање и други невладини или сручни организации и институции** | свеста кај граѓаните - возачи на моторни возила во Општина Охрид за непходноста од помасовно пешачење и возење велосипед, тротинет или ролери, односно за непоходната потреба од редукција на користењето на моторните возила (емисијата на издувни гасови) и земање учество во сообраќајот како пешаци или велосипедисти, од аспект на заштита на животната средина | соодветни брошури и флаери, организирање на јавна трибина или предавање во соработка со релевантни невладини организации (Црвен Крст, Младински совет или еколошко друштво) или стручни установи (од областа на еколошката заштита), земање активно учество во одбележувањет о или организирањето на одредените активности од страна на други општински или национални институции и установи, настап и промоција на електронските медиуми, интернет и сл. | | на сите договорени, координирани и усогласени партнери - субјекти што ќе бидат инволвирани во реализација на активностите и опфаќање на што поширока популација, односно што поголем број возачи во Општина Охрид за постигнување на основните дефинирани цели на предвидените активности. |
| **7. Сообраќајно - едукативна акција „Дајте им предност на тие што ја немаат“** | Да се подигне свеста кај граѓаните - возачи на моторни возила во Општина Охрид за основните начела на сообраќајно-техничката култура во сообраќајот, за однесувањето на возачите кон | Печатење на соодветни брошури и флаери, поставување постери и билборди, организирање на јавни трибини или предавања во соработка со МВР (ПС за безбедност на сообраќајот на патиштата) и | Јуни 2013 - Јули 2013 | Активно учество на сите договорени, координирани и усогласени партнери - субјекти што ќе бидат инволвирани во реализација на активностите и опфаќање на што поширока популација, односно што |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | сите други учесници во сообраќајот, за основните начела за безбедноста во патниот сообраќај од аспект на почитување на сообраќајната сигнализација и за воведување на еден вид бон-тон при управувањето со моторните возила. | други релевантни организации или стручни установи (од областа на патниот сообраќај), настап и промоција на специјални ТВ или радио емисии на електронските медиуми, објавување написи на интернет или печатените медиуми и сл. | | поголем број возачи во Општина Охрид за постигнување на основните дефинирани цели на предвидените активности во насока на давање предност на другите учесници во сообраќајот. |
| **Активност** | **Основна цел** | **Опис** | **Период** | **Очекувани резултати** |
| **8. Сообраќајно-воспитна акција „Одиме безбедно на училиште“** | Унапредување на сообраќајното воспитување и образование кај најмладите учесници во сообраќајот, за подигнување на нивото на сообраќајно - техничката култура и нивото на безбедност во сообраќајот во општината. | Акцијата е наменета, пред се, на најмладата популација во општината - учесници во сообраќајот, односно на учениците од предшколските установи (градинките) и учениците од прво и второ одделение од основните училишта, преку соодветни гостувања и предавања низ игра, делење на соодветни печатени материјали (сликовници, флаери или брошури со | Септември 2013 - Октомври 2013 | Активно учество на сите ученици од највозрасната група во предшколските установи (градинките), како и учениците од прво и второ одделение во основните училишта во општината, за делување во насока на подигнување на нивото на сообраќајно - техничката култура кај најмладите учесници во сообраќајот и безбедноста во патниот сообраќај во општината. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | соодветна сликовита содржина), организирање на наменски приредби за учениците и од самите ученици и сл. | | |
| **9. Одбележување на Светскиот ден без автомобили 22-ри Септември со пригодни активности и публикации, во соработка со медиумите за јавно информирање, локалната самоуправа, јавните претпријатија и со други невладини или стручни организации и институции** | Да се подигне свеста кај граѓаните - возачи на моторни возила во Општина Охрид за непходноста од пешачење и возење велосипед, тротинет или ролери, односно редовно практикување на спортски и рекреативни активности за зачувување на сопственото здравје, од аспект на редукција на користењето на моторните возила и земање учество во сообраќајот како пешаци или велосипедисти. | Печатење на соодветни брошури и флаери, организирање на јавна трибина или предавање во соработка со релевантни невладини организации (Црвен Крст, Младински совет или еколошко друштво) или стручни установи (јавна или приватна здравствена установа), земање активно учество во одбележувањет о или организирањето на одредените активности од страна на други општински или национални институции и установи, настап и промоција на електронските медиуми, интернет и сл. | Септемвр и 2013 | Активно учество на сите договорени, координирани и усогласени партнери - субјекти што ќе бидат инволвирани во реализација на активностите и опфаќање на што поширока популација, односно што поголем број возачи во Општина Охрид за постигнување на основните дефинирани цели на предвидените активности. |
| **Активност** | **Основна цел** | **Опис** | **Период** | **Очекувани резултати** |
| **10. Сообраќајно-** | Подигнување на | Печатење на | Октомври | Градење и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **воспитна акција „Поголема безбедност за пешаците, велосипедистите и мотоциклистите во сообраќајот“** | нивото на сообраќајно - техничката култура на пешаците, велосипедистите и мотоциклистите, како најмасовни и најзагрозени категории на учесници во сообраќајот, од аспект на неговото уредно и безбедно одвивање | соодветни брошури и флаери, поставување постери и плакати, организирање на јавни трибини или предавања во соработка со МВР (ПС за безбедност на сообраќајот на патиштата) и други релевантни организации или стручни установи (од областа на патниот сообраќај), настап и промоција на специјални ТВ или радио емисии на електронските медиуми, објавување написи на интернет или печатените медиуми, како и давање на соодветни поуки и упатства на лице место, на наведените категории на учесници во сообраќајот. | 2013 - Ноември 2013 | промовирање на меѓусебни односи на взаемно почитување помеѓу пешаците, велосипедистите и мотоциклистите, од една страна, и возачите на моторни возила (на 4 тркала), од друга страна, за унапредување на нивото на општата безбедност во одвивањето на патниот сообраќај во општината. |
| **11. Дистрибуција на соодветни известувања и информации и преземање на прелиминарни и подготвителни** | Да се запознаат одговорните лица во основните училишта за предвидените активности на ОСБСП во поглед на | Организирање средби со директорите или останатите релевантни одговорни лица од основните училишта (одделенски | Октомври 2013 - Ноември 2013 | Обрнување поголемо внимание и ставање посебен акцент, во воспитно - образовниот процес по соодветните |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **мерки и активности за реализација на сообраќајно-воспитните акции за учениците во основните училишта, согласно активностите предвидени со Програмата за работа на ОСБСП за 2014 година** | унапредување на сообраќајното воспитување и образование на учениците | наставници или наставници по техничко образование) или нивно писмено или електронско информирање за потребата од спроведување на соодветна сообраќајна едукација и подготовка на учениците | | предмети во основните училишта, врз потребата за запознавање на учениците со правилата и прописите за безбедно и уредно одвивање на сообраќајот по патиштата |
| **Активност** | **Основна цел** | **Опис** | **Период** | **Очекувани резултати** |
| **12. Кампања за подигнување на јавната свест кај возачите за децата и лицата со попреченост во развојот, како активни учесници во одвивањето на сообраќајот по патиштата** | Да се подигне свеста кај граѓаните - возачи на моторни возила во Општина Охрид за непходноста од посовесен, поприфатлив, попријателски, пофер и потолерантен однос во сообраќајот кон децата и лицата со попреченост во развојот (хендикепирани лица), како најзагрозени категории на учесници во патниот сообраќај, од аспект на неговото уредно и безбедно одвивање. | Печатење на соодветни брошури и флаери, организирање на јавна трибина или предавање во соработка со релевантни невладини организации (Црвен Крст, здруженија и сојузи на лица со попреченост во развојот) или стручни установи (од областа на општествените и социјалните односи), земање активно учество во одбележувањет о или организирањето на одредените активности од страна на други општински или | Ноември 2013 - Декември 2013 | Градење и промовирање на меѓусебни односи на взаемно почитување помеѓу најмладите учесници во сообраќајот (децата) и лицата со физичка попреченост во развојот, од една страна, и возачите на моторни возила, од друга страна, за унапредување на нивото на општата безбедност во одвивањето на патниот сообраќај во општината. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | национални институции и установи, настап и промоција на електронските медиуми, интернет и сл. | | |

## 3. ИЗВОРИ ЗА ПОДГОТОВКА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

- Годишна програма за работа на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2012 година

- Национална стратегија на Република Македонија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата 2009 - 2014

- Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата (Сл. весник на РМ, бр.54/2007, 86/2008 и 98/2008)

- Закон за јавни патишта (Сл. весник на РМ, бр.84/2008)

- Закон за локална самоуправа (Сл. весник на РМ, бр.5/2002)

- Статут на Општина Охрид (бр.07-599/3 од 15.07.2002)

- Одлуката за формирање Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во Општина Охрид и именување на негови членови (бр.07-3181/19 од 02.12.2009)

- Бела книга за европската транспортна политика за 2010, 2011 и 2012 година

- Годишен статистички извештај на Светската здравствена организација

- Годишен извештај за состојбата во областа на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата во Општина Охрид во 2011 и 2012 година - Полициска станица од општа надлежност при СВР Охрид

## 4. ПРИЧИНИ И МОТИВАЦИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

На годишно ниво, денес во светот животот го губат околу 1,5 милиони луѓе, како последица од тешките сообраќајни незгоди во патниот сообраќај. Тоа практично значи дека секој ден во светот над 4.000 учесници во сообраќајот ги губат своите животи. 1,5 милиони жртви изнесува околу 2,5% од вкупниот број на смртни

случаи во светот во текот на една година. Истовремено, во сообраќајните незгоди со моторните возила на патиштата, повеќе од 55 милиони луѓе годишно во светот се здобиваат со телесни повреди. Сообраќајните незгоди во патниот сообраќај претставуваат водечка (најголема) причина во однос на смртноста на децата ширум светот, на возраст помеѓу 10 и 19 години. Имено, во текот на една година, околу 300 илјади деца на таа возраст ги губат своите животи, а околу 11 милиони се здобиваат со лесни или тешки телесни повреди.

Според податоците од Светската здравствена организација (СЗО), бројот на смртните случаи што настануваат како последица од повреди здобиени во сообраќајните незгоди на патиштата во светот на годишно ниво изнесува приближно 27% од вкупниот број на смртни случаи што настануваат како последица од здобиени повреди. Во државите со среден и низок економски развој, во кои се вбројува и Република Македонија, околу 85% од бројот на „директните жртви“ (луѓето кои ги изгубиле своите животи при самото случување на немили и несакани настани), околу 90% од бројот на „одложените жртви“ (луѓето кои подоцна починале како резултат на здобиените повреди и здобиениот инвалидитет од немили и несакани настани) и околу 96% од сите смртни случаи на деца, се последица од сообраќајните незгоди на патиштата.

Според статистичките податоци од Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, во последниве неколку години просечниот број на жртви изнесува околу 200, а над 6.200 учесници во сообраќајот секоја година се сериозно повредени во сообраќајните незгоди на патиштата во Република Македонија. Просечниот годишен број на сообраќајни незгоди, кои резултираат со смрт или со тешки или лесни телесни повреди, на патиштата во Република Македонија изнесува околу 23 илјади. Околу 45% од жртвите во сообраќајните незгоди гинат како последица на возење со пречекорување на дозволената брзина на движење на моторните возила. Притоа, просечно, на годишно ниво, бројот на повредени велосипедисти е околу 40, додека бројот на повредени пешаци изнесува околу 170.

Според статистичките податоци за безбедноста на сообраќајот на патиштата од ПС од општа надлежност при СВР Охрид, на територијата на Општина Охрид просечно се случуваат околу 182 сообраќајни незгоди во текот на една година, од кои 60-тина се со потешки последици по луѓето. Просечно, во сообраќајните незгоди во текот на една година животот го губат 3-4 лица, околу 15 лица се здобиваат со потешки, а над 70 лица со полесни телесни повреди. Структурата на настраданите лица покажува дека најзагрозена категорија се сопатниците во моторните возила, а потоа следат возачите, пешаците и мотоциклистите. Што се однесува до регистрираните сообраќајни прекршоци, нивниот просечен број на годишно ниво во општината изнесува околу 1.600, а во најголемиот број од нив, како најдоминантни се издвојуваат следните причини: брзо возење (непочитување на ограничувањето на брзината на возење), употреба на технички неисправни и нерегистрирани возила, управување под дејство на

алкохол, возење без возачка дозвола, непрописно запирање и паркирање на возилата, неправилно движење на пешаците и сл.

**5. ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА**

Според извршената детална анализа на предвидените активности со годишната програма, како и по извршеното согледување и идентификација на сите неопходни материјални средства, производи и услуги, односно на трошоците за нивна набавка и извршување, потребни за реализација на предвидените програмски активности, за успешно функционирање на ОСБСП и за успешна и ефикасна реализација на Програмата за работа на ОСБСП во 2013 година, потребно е да се издвојат (предвидат) вкупно 950.000 денари од општинскиот буџет, спред следната спецификација:

- Организација на сообраќајно-воспитни манифестации, квизови и акции и одбележување на значајни датуми: 500.000 ден.
- Подготовка, изработка, печатење и дистрибуција на соодветни пропагандни и промотивни материјали: 200.000 ден.
- Настапи, промоции, рекламни кампањи и објавување на известувања во медиумите за јавно информирање: 120.000 ден.
- Организациски, системски, технички, комуникациски и други видови режиски трошоци за работа на ОСБСП: 50.000 ден.
- Изнајмување на соодветни сали, канцеларии и друг вид комерцијални простории, објекти и соодветна опрема: 80.000 ден.

Согласно последните извршени измени и дополнувања на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, финансирањето на реализацијата на активностите од годишните програми за работа и функционирање на општинските совети за безбедност на сообраќајот на патиштата се врши од страна на единиците на локалната самоуправа, односно од нивните општински буџети.

**Број07-5664/29-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.12.2012год.** **Претседател**
**Охрид** **Душко Јаковчески, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОГРАМАТА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА ВО ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2012 ГОД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за продолжување на важноста на Одлуката за Програмата за поставување на урбана опрема во општина Охрид за 2012 год , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2012 год.

**Број 08 -5664/30** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.12.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески, с.р**

Врз основа на член 36 Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2012 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА НА ПРОГРАМАТА**
**ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА ВО ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2012 ГОД.**

**Член 1**

Се продолжува важноста на Програмата за поставување на урбана опрема во општина Охрид за 2012 год. бр.07- 2189/13 од 31.05.2012 год., се до донесувањето на Програма за поставување на урбана опрема во општина Охрид за 2013 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 5664 /30** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.12.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ ПРАВОТО НА СОСПСТВЕНОСТ ОД ОПШТИНА ОХРИД НА ОУ „СВЕТИ НАУМ ОХРИДСКИ„ С. ПЕШТАНИ, ОУ „КОЧО РАЦИН“ ОХРИД, ОУ „ГЛИГОР ПРЛИЧЕВ“ ОХРИД, ОУ „ХРИСТО УЗУНОВ“ ОХРИД, ОСУ „СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ОХРИД И ЈП „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за пренесување правото на соспственост од општина Охрид на ОУ „Свети Наум Охридски„ с. Пештани, ОУ „Кочо Рацин“ Охрид, ОУ „Глигор Прличев“ Охрид, ОУ „Христо Узунов“ Охрид, ОСУ „Свети Климент Охридски“ Охрид и ЈП „Билјанини Извори“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2012 год.

**Број 08 -5664/31**
**28.12.2012 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески, с.р**

Врз основа на член 25 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници („Сл. весник на РМ“ бр.28/03), член 64 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата, одржана на ден 28.12.2012 год. ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ ОД ОПШТИНА ОХРИД НА ОУ „СВ.НАУМ ОХРИДСКИ“ С. ПЕШТАНИ , ОУ „КОЧО РАЦИН“ ОХРИД , ОУ„ГРИГОР ПРЛИЧЕВ“ ОХРИД, ОУ„ ХРИСТО УЗУНОВ “ОХРИД , ОСУ „СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ОХРИД И ЈП „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ ОХРИД**

**Член 1**

Се пренесува правото на сопственост на движни предмети, од општина Охрид на следните училишта и јавно претпријатие:

| Вид на средство | Кол. | Бруто вредност со ДДВ Цена | Износ | Корисник |
|---|---|---|---|---|
| **ПЛАКАР ЗА УЧЕНИЦИ 146/80/38** | **2** | **6 000,оо** | **12 000,оо** | **ОУ „СВ.НАУМ ОХРИДСКИ“ С. ПЕШТАНИ** |
| **ПЛАКАР ЗА УЧЕНИЦИ 146/80/38** | **2** | **6 000,оо** | **12 000,оо** | **ОУ „КОЧО РАЦИН“ ОХРИД** |
| **ПЛАКАР ЗА УЧЕНИЦИ 146/80/38** | **7** | **6 000,оо** | **42 000,оо** | **ОУ „ ГРИГОР ПРЛИЧЕВ“** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **БИБЛИОТЕКА ЗА ГИМНАЗИЈА 210/80/30** | **6** | **11 900,оо** | **71 400,оо** | **ОСУ „ СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“** |
| **ПЛОЧА СО АБС ЗА Х.УЗУНОВ135/60** | **16** | **1200,оо** | **19 200,оо** | **ОУ „ХРИСТО УЗУНОВ“** |
| **КАНЦЕЛАРИЈА ЗА СПОРТСКА САЛА** | **1** | **61 500,оо** | **61 500,00** | **ЈП „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“** |

**Член 2**

Сопственоста на движните предмети се пренесува без надоместок.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 5664/31** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.12.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЗАЕДНИЦА 2 БЛОК 2.1 ОПФАТ „КЕЈ“ ОПШТИНА ОХРИД 2010-2015**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за утврдување Нацрт Деталeн урбанистички план за дел од Урбана заедница2 Блок 2.2 опфат „Кеј“ општина Охрид 2010-2015 , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2012 год.

**Број 08 -5664/32** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.12.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески, с.р**

Врз основа на член 11, 22 и 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 60/11) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2012 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЗАЕДНИЦА 2 БЛОК 2.1 ОПФАТ „КЕЈ“ – ОПШТИНА ОХРИД 2010 - 2015**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт деталeн урбанистички план за дел од урбана заедница 2, Блок 2.1 опфат „Кеј“ – општина Охрид 2010-2015.

**Член 2**

Со овој Нацрт детален урбанистички план се опфаќа простор со површина од 5,78 ha.

Просторот на планскиот опфат по Нацрт деталниот урбанистички план за дел од урбана заедница 2, Блок 2.1 опфат „Кеј“ – општина Охрид 2010-2015 е опфат на границите:

**„Кај Маршал Тито“ ул. „1-ви Мај“ , ул. „Партизанска“, Булевар „Македонски Просветители“**

**Член 3**

НацртДеталниот урбанистички план за дел од Урбана заедница 2, Блок 2.1 опфат „Кеј“ општина Охрид 2010-2015 со тех. бр. 166/09 изработен од ИН-ПУМА - Скопје содржи:

- планиран развој – текстуален дел и графички прилог;
- документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Градоначалникот ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт - деталниот урбанистички план за дел од Урбана заедница 2 дел од урбан блок 2.1 опфат „Кеј“ општина Охрид 2010 -2015 .

**Член 5**

Јавната презентација и јавната анкета за планот од член 4 на оваа Одлука ќе се спроведе со излагање на планот на јавно место – Општина Охрид.

Јавната анкета ќе трае 10 работни денови во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот ќе можат да доставaт забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Бр. 07- 5664/32**
**28.12.2012год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЗАЕДНИЦА 1 ДЕЛОД БЛОК 1.1 ОПФАТ ТАБАНА ОПШТИНА ОХРИД 2010-2015**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за утврдување Нацрт Детален Урбанистички план за дел од Урбана заедница 1 дел од блок 1.1 опфат Табана општина Охрид 2010-2015 , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2012 год.

**Број 08 -5664/33**
**28.12.2012 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески, с.р**

Врз основа на член 11, 22 и 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 60/11) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЗАЕДНИЦА 1 ДЕЛ ОД БЛОК 1.1 ОПФАТ ТАБАНА – ОПШТИНА ОХРИД 2010 - 2015**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт детален урбанистички план за дел од урбана заедница 1, дел од Блок 1.1 опфат Табана – Општина Охрид 2010-2015

**Член 2**

Со овој Нацрт детален урбанистички план за дел од урбана заедница 1, дел од Блок 1.1 опфат Табана општина Охрид 2010 - 2015 се опфаќа простор со површина од 2.23 ha.

Просторот на планскиот опфат по Нацрт деталниот урбанистички план за дел од Урбана заедница 1, дел од Блок 1.1 опфат Табана- општина Охрид 2010-2015 е опфат на границите:

**„ ул. Булевар „Македонски Просветители“, Пешачка улица кај црквата „Св. Богородица Болничка“ и ул. „Коста Абраш“ .**

**Член 3**

Нацрт Деталниот урбанистички план за дел Урбана заедница 1, дел од Блок 1.1 опфат Табана општина Охрид 2010 – 2015 со тех. бр. 165/09 изработен од ИН-ПУМА - Скопје содржи:

- планиран развој – текстуален дел и графички прилог;
- документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Градоначалникот ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт - деталниот урбанистички план за дел од Урбана заедница 1 дел од Блок 1.1 опфат Табана општина Охрид 2010 -2015 .

**Член 5**

Јавната презентација и јавната анкета за планот од член 4 на оваа Одлука ќе се спроведе со излагање на планот на јавно место – Општина Охрид.

Јавната анкета ќе трае 10 работни денови во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот ќе можат да доставаат забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Бр. 07- 5664/33**
**28.12.2012 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЛАГАДИН-ПЕШТАНИ БЛОК 3 И ДЕЛ БЛОК 4 КО ПЕШТАНИ НАЦРТ ПЛАН 2012-2022 ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за утврдување Нацрт Урбанистички план вон населено место Лагадин-Пештани Блок 3 и дел Блок 4 КО Пештани нацрт план 2012-2022 општина Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2012 год.

**Број 08 -5664/34** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.12.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески, с.р**

Врз основа на член 11, 22 и 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 60/11) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЛАГАДИН-ПЕШТАНИ БЛОК 3 И ДЕЛ БЛОК 4 КО ПЕШТАНИ НАЦРТ ПЛАН 2012-2022 ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт урбанистички план вон населено место Лагадин-Пештани Блок 3 и дел од блок 4 КО Пештани нацрт план 2012-2022 општина Охрид.

**Член 2**

Со овој Нацрт урбанистички план вон населено место Лагадин-Пештани Блок 3 и дел од блок 4 КО Пештани нацрт план 2012-2022 општина Охрид. се опфаќа простор со површина од 4.72 ha.

Просторот на планскиот опфат по Нацрт урбанистички план вон населено место Лагадин-Пештани Блок 3 и дел од блок 4 КО Пештани нацрт план 2012-2022 општина Охрид е опфат на границите: **Регионален пат Р 1391 (Р 501)Охрид Св Наум, Елешец пат- Елшани и границите на катастарските парцели кп.2840 кп 2839, кп.2837, кп.1170, кп.1171, кп 1167/33, кп.1167/3 .**

**Член 3**

Нацрт урбанистички план вон населено место Лагадин-Пештани Блок 3 и дел од блок 4 КО Пештани нацрт план 2012-2022 општина Охрид.. со тех. бр.24/12 изработен од „Полог Проект “ Доо- Гостивар содржи:

- планиран развој – текстуален дел и графички прилог;
- документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Градоначалникот ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт урбанистички план вон населено место Лагадин-Пештани Блок 3 и дел од блок 4 КО Пештани нацрт план 2012-2022 општина Охрид .

**Член 5**

Јавната презентација и јавната анкета за планот од член 4 на оваа Одлука ќе се спроведе со излагање на планот на јавно место – Општина Охрид.

Јавната анкета ќе трае 10 работни денови во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот ќе можат да доставaт забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Бр. 07- 5664/34** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.12.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 13.2.1 ВО УЗ 13, УБ 13.2 НА КП 3477, КО ОХРИД 4 – ОПШТИНА ОХРИД 2012-2017**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за утврдување Нацрт Деталeн урбанистички план за Градежна парцела 13.2.1 во УЗ 13, УБ 13.2 на КП 3477, КО Охрид 4 – општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2012 год.

**Број 08 -5664/35** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.12.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески, с.р**

Врз основа на член 11, 22 и 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 60/11) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА БР.13.2.1 ВО УЗ 13 УБ 13.2 НА КП.БР. 3477 КО ОХРИД 4 ОПШТИНА ОХРИД 2012-2017**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт деталeн урбанистички план за градежна парцела бр.13.2.1 во УЗ 13 , УБ 13.2 на кп.3477 КО Охрид 4 општина Охрид 2012-2017.

**Член 2**

Со овој Нацрт детален урбанистички план за градежна парцела бр.13.2.1 во УЗ 13 , УБ 13.2 на кп.3477 КО Охрид 4 општина Охрид 2012- 2017се опфаќа простор со површина од 0.03 ha.

Просторот на планскиот опфат по Деталниот урбанистички план за градежна парцела бр.13.2.1 во УЗ 13 , УБ 13.2 на кп.3477 КО Охрид 4 општина Охрид 2012-2017 е опфат на границите:

**Новопроектирана улица „1”, соседната кп.бр.3477/10, постојна улица „Пу“ и соседна кп.бр.3477/9**

**Член 3**

Нацрт Деталниот урбанистички план за градежна парцела бр.13.2.1 во УЗ 13 , УБ 13.2 на кп.3477 КО Охрид 4 Општина Охрид. со тех. бр. 08/2012 изработен од „УРБАН “ ДОО Охрид содржи:

- планиран развој – текстуален дел и графички прилог;
- документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Градоначалникот ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт - деталниот урбанистички план за градежна парцела бр.13.2.1 во УЗ 13 , УБ 13.2 на кп.3477 КО Охрид 4 Општина Охрид 2012- 2017.

**Член 5**

Јавната презентација и јавната анкета за планот од член 4 на оваа Одлука ќе се спроведе со излагање на планот на јавно место – Општина Охрид.

Јавната анкета ќе трае 10 работни денови во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот ќе можат да достават забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Бр. 07- 5664/35** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.12.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 1 НА КП 3463/3, ДЕЛ ОД УЗ 13 ДЕЛ ОД УБ 13.3 КО ОХРИД 4 – ОПШТИНА ОХРИД 2012-2017**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за утврдување Нацрт Детален урбанистички план за Градежна парцела 1 на КП 3463/3, дел од УЗ 13 дел од УБ 13.3 КО Охрид 4 – општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2012 год.

**Број 08 -5664/36** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.12.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески, с.р**

Врз основа на член 11, 22 и 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 60/11) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА БР.1 на КП 3463 /3 , ДЕЛ ОД УЗ 13 ДЕЛ ОД УБ 13.3 КО ОХРИД 4 ОПШТИНА ОХРИД 2012-2017**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт детален урбанистички план за градежна парцела бр.1 на кп.3463/3 дел од УЗ 13 дел од УБ 13.3 КО Охрид 4 Општина Охрид 2012- 2017.

**Член 2**

Со овој Нацрт детален урбанистички план за градежна парцела бр.1 на кп.3463/3 дел од УЗ 13 дел од УБ 13.3 КО Охрид 4 Општина Охрид 2012- 2017 се опфаќа простор со површина од 0.04 ha.

Просторот на планскиот опфат по Деталниот урбанистички план за градежна парцела бр.1 на на кп.3463/3 дел од УЗ 13 дел од УБ 13.3 КО Охрид 4 општина Охрид 2012- 2017 е опфат на границите:

**Сервисна улица Се 13.1 -Улица Будва, пешачка улица Пе 1 и соседните кп 3465, кп.3464 кп.3460 и кп 3463/1.**

**Член 3**

Нацрт Деталниот урбанистички план за градежна парцела бр.1 на кп.3463/3 дел од УЗ 13 дел од УБ 13.3 КО Охрид 4 општина Охрид 2012- 2017 со тех. бр. 19/2012 изработен од „Снегар Компани “ ДОО Охрид содржи:

- планиран развој – текстуален дел и графички прилог;
- документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Градоначалникот ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт - деталниот урбанистички план за градежна парцела бр.1 на кп.3463/3 дел од УЗ 13 дел од УБ 13.3 КО Охрид 4 Општина Охрид 2012- 2017.

**Член 5**

Јавната презентација и јавната анкета за планот од член 4 на оваа Одлука ќе се спроведе со излагање на планот на јавно место – Општина Охрид.

Јавната анкета ќе трае 10 работни денови во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот ќе можат да доставaт забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Бр. 07- 5664/36** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.12.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НЕСЕЛЕНО МЕСТО ЛАГАДИН – ПЕШТАНИ, ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 2 – ОПФАТ 1, ОПШТИНА ОХРИД ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2012-2022**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за утврдување Нацрт Урбанистички план вон неселено место Лагадин – Пештани, дел од Урбан Блок 2 – опфат 1, општина Охрид плански период 2012-2022 , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2012 год.

**Број 08 -5664/37** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.12.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески, с.р**

Врз основа на член 11, 22 и 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 60/11) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЛАГАДИН-ПЕШТАНИ ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 2 ОПФАТ 1 ОПШТИНА ОХРИД 2012-2022**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт урбанистички план вон населено место Лагадин-Пештани дел од урбан блок 2 опфат 1 општина Охрид 2012-2022.

**Член 2**

Со овој Нацрт урбанистички план вон населено место Лагадин-Пештани дел од урбан блок 2 опфат 1 општина Охрид 2012-2022 се опфаќа простор со површина од 0.17 ha.

Просторот на планскиот опфат по Нацрт урбанистички план вон населено место Лагадин-Пештани дел од урбан блок 2 опфат 1 општина Охрид 2012-2022 е опфат на границите: **Елешец пат- Елшани , Сервисна улица „Новопроектирана 1“, Стамбена улица „ Нонопроектирана 1“, „ Стамбена улица“ и дел од кп 2823/1 .**

**Член 3**

Нацрт урбанистички план вон населено место Лагадин-Пештани дел од урбан блок 2 опфат 1 општина Охрид 2012-2022 ,со тех. бр.143/12 изработен од „ Нимаер “ Де- Скопје содржи:

- планиран развој – текстуален дел и графички прилог;
- документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Градоначалникот ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт урбанистички план вон населено место Лагадин-Пештани дел од урбан блок 2 опфат 1 општина Охрид 2012-2022.

**Член 5**

Јавната презентација и јавната анкета за планот од член 4 на оваа Одлука ќе се спроведе со излагање на планот на јавно место – Општина Охрид.

Јавната анкета ќе трае 10 работни денови во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот ќе можат да доставaт забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Бр. 07- 5664/37** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.12.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ЈП „ ПОГРЕБНИ УСЛУГИ“ ОХРИД ЗА 2013 ГОД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Програмата за работа на ЈП „ Погребни услуги“ Охрид за 2013 год , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2012 год.

**Број 08 -5664/38** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.12.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески , с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2012 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА**
**ЈП „ПОГРЕБНИ УСЛУГИ“ - ОХРИД ЗА 2013 ГОД.**

**Член 1**

Се усвојува Програмата за работа на ЈП „Погребни услуги“ Охрид за 2013 год, усвоена со одлука од Управниот одбор со одлука бр.02-176/3 од 13.12.2012 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-5664/38** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.12.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
